УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

# ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО СРЕДНОШКОЛСКИТЕ УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ

(магистерски труд)

Автор:

Синиша Милосављевиќ

Ментор:

Проф.д-р Анета Баракоска

Скопје, 2011 година

СОДРЖИНА:

# ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО СРЕДНОШКОЛСКИТЕ УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ


Вовед----------------------------------------------------------------------------------4
I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН
ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО-------------------------------------------7
1.ПОИМ ЗА СЛОБОДНО ВРЕМЕ-------------------------------------------------7
1.1Слободно време-историски осврт-----------------------------12
1.2Односот помеѓу работата и слободното време---------16

2.ФАКТОРИ ШТО ГО ЗАГРОЗУВААТ СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ-----------21

3.МЛАДИТЕ И СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ-----------------------------------------29
3.1Карактеристики на адолесцентниот период--------------35
3.2Интересот кај младите за слободно време-------------37
3.3Насоки и тенденции во слободното време--------------40

4.МЛАДИТЕ ОД ГРАДСКИТЕ СРЕДИНИ
И СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ-------------------------------------------------------42
4.1Урбанизација, миграција на населението--------------------43
4.2Предности и недостатоци на животот во
градскит средини-------------------------------------------------------47

5.МЛАДИТЕ ОД СЕЛСКИТЕ СРЕДИНИ И СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ----49
5.1Карактеристики на селскиот живот--------------------------49
5.2Тенденции во развојот на животот на село-----------52

6.ДОМСКА ПЕДАГОГИЈА КАКО ПЕДАГОШКА
ДИСЦИПЛИНА И НЕЈЗИНАТА ФУНКЦИЈА--------------------------------------54
6.1Средношколски ученички домови------------------------------57
6.2Слободно време на воспитаниците
во средношколските ученички домови ------------------------59
6.3Улогата на воспитувачите во слободното време------64

7.СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ЗДРАВО ЖИВЕЕЊЕ---68
7.1Слободното време и креативност-----------------------------72

7.2Здравата исхрана и слободното време--------------------74
7.3Слободното време и животната средина------------------75

8.СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ: ОПАСНОСТИТЕ И
НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ОД ЛОШОТО МЕНАЏИРАЊЕ----------------77
8.1Негативни влијанија врз слободното време ------------78

II МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ--------------------------------------82
1.Предмет на истрањувањето------------------------------------------------82
2.Цел и карактер на истражувањето-------------------------------------82
3.Задачи на истражувањето-------------------------------------------------82
4.Хипотези---------------------------------------------------------------------------83
5.Варијабли во истражувањето----------------------------------------------85
6.Методи, техники и инструменти на истражувањето---------------------85
7.Популација и примерок-----------------------------------------------------86
8.Статистичка обработка на податоците-------------------------------------86
9.организација и тек на истражувањето--------------------------------------86

III СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ----------------------------87
1.Квантитативна анализа на податоци--------------------------------------89
1.1Интерес кај воспитаниците за
слободното време---------------------------------------------------------------89
1.2.Разноврсност во изборот на активности
во средношколските ученички домови---------------------------------92
1.3.Ставови на воспитувачите по однос на слободното
време -----------------------------------------------------------------------------94
1.4.Услови за реализација на слободното време-------------------95
1.5.Колку слободно време имаат воспитаниците
на располагање-------------------------------------------------------------96
1.6.Фактори кои влијаат врз слободното време-------------------100
1.7.Слободното време според начинот
на реализација(организација)-----------------------------------------101
2.Квалитативна анализа на податоците-----------------------------------103

IV ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ----------------------------116

V БИБЛИОГРАФИЈА----------------------------------------------------------------120

VI ПРИЛОЗИ-----------------------------------------------------------------------------127

# ВОВЕД

Слободното време е мошне интересна и занимлива тема, која провоцира, а воедно и не инспирира да започнеме со неговото анализирање. Слободно време и средношколските ученички домови се предмет на истражување во магистерска теза, со која ќе се занимавам.

Двата поими Слободно време и Средношколските ученички домови имаат неколку заеднички корелации:

**Младите**, за кои мислиме дека имаат на располагање најмногу слободно време, поради помал број на обврски од возрасните покажуваат најголем интерес за активности во слободно време, а исто така за нив можеме слободно да кажеме дека во период на младоста кривата на активното минување на слободното време е во самиот зенит, а пак најзастапени ученички домови во нашата држава се средношколските ученички домови кои се воедно наменети исклучиво за младите.

Слободното време, како време кое надоаѓа и брзите промени што го карактеризираат иницираат потреба од константно **истражување** на појавата. Од друга страна, во нашата држава, литературата за ученичките домови е многу оскудна, скоро и да не постои педагошка литература од таков тип. Токму ова е причина повеќе за понатамошно истражување.

Познато е дека секој поединец има **потреба** од слободно време. Неопходноста од постоењето на ученичките домови ја согледуваме токму од потребата од домско сместување на некои ученици, како не би останале надвор од посакуваното образование.

Слободното време го разгледуваме и како форма за дружење, **социјализација**, стекнување на килтурни и спортски навики. Ученичките домови се место во кое учениците можат да

стекнат бенефит во однос на социјализацијата, како нова средина во која се доближуваат различностите на учениците.

Слободното време делува врз стекнување знаења, искуства и исклучително силно влијае на **воспитанието.** Воспитанието е, исто така, примарна цел на ученичките домови.

Фактот дека многу опасности на денешницата, што ги демнат младите влијаат врз правилниот и културниот начин на минување на слободното време. **Негативните влијанија** врз младите, директно или индиректно влијаат на воспитно-образовната работа на ученичките домови.

Во услови на конфузија и дезорганизираност, слободното време може да има контра ефект. Во ученичките домови организираноста е во преден план. Без **организираност**, без норми на однесување, ученичкиот дом не може да фукционира.

Слободното време е **примамливо** за младите. Ученичките домови треба да нудат содржини кои се примамливи за учениците, демократски пристап на вработените, пријатна атмосвера за работа и домување.

Државата, училиштата, семејствата влијаат во насочувањето на правците во кои се движи слободното време. Пожелно е контролирањето на воспитаниците од страна на вработените во домовите, да биде ненаметливо. Влијание кое нема да делува негативно врз воспитаниците, туку ќе делува стимулативно врз нив.

Сметајќи дека, изборот на таква специфична тема може да даде допринес во научната дејност и ќе даде одговор на следните прашања:

-**Дали** изборот на активност(пасивност) во слободното време е правилен, од аспект на возраста?

-**Дали** изборот на активност(пасивност) во слободното време е правилен, од аспект на стилот на живеење(учење-пасивност)?

-**Дали** изборот на активности во слободното време е доволно широк и достапен за граѓаните?

-**Дали** начинот на кој го минуваат слободното време, погодува на развојот на деликвенција, агресивност исл?

-**Дали** им пречат надворешни влијанија во изборот на активност во слободно време?

-**Дали** постојат солидни услови за организирано минување на слободното време?

-**Дали** постои интерес за слободно време?

-**Дали** воспитаниците се задоволни од обемот на слободното време со кое располагаат?

-**Дали,** ставовите, по однос на слободното време, кај воспитаниците и воспитувачите се доближуваат или се разидуваат?

# I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.ПОИМ ЗА СЛОБОДНО ВРЕМЕ

„Слободното време е општествен и социјален феномен, и една од најважните социјални категории. Слободното време се јавува во сите општествени уредувања значи е универзална појава".[1]

Интересот за проучување на слободното време расте паралелно од брзите промени во општеството. За една година се случуваат промени за кои во минатото биле потребни векови, а тие промени најмногу се рефлектираат врз слободното време. Како тргнале работите по однос на слободното време, не е ни чудо педагогијата на слободното време да стане доминантна наука. Не случајно се говори за новото време како „ера на слободното време" или „цивилизација на слободното време"[2]

„Наша задача не е проучување на промените во новата епоха т.н. (технолошка револуција), но нејзиното влијание врз животот на младите е толку голем што неможе да се игнорира"[3]

Човекот одсекогаш живеел според одредени норми на однесување. Таквото однесување на човекот во општеството во кое живеел било неопходно за опстанокот и на луѓето и на општеството. Меѓутоа, паралелно со обврските, човекот тежнее и

---

[1] Janković V,(1973),Slobodno vrijeme u suvremenoj teoriji i praksi, Zagreb, Pedagoško-književni zbor,стр.9

[2]DumazdierJ.,(1974),sociology of leisure,New York,Elsevier North Hollanhd, INC, стр.689

[3] Jerbić V.,(1973),Analiza funkcija slobodnog vrijemena djece i omladine, Centar za vanškolski odgoj, Zagreb,стр.8

за определен дел од денот, ослободен од обврски и норми на однесување. Низ историјата се борел да создаде време во негова сопственост и да има ексклузивно право самиот да го уредува според желбите и интересите. Тоа време низ вековите еволуирало. Денеска се нарекува слободно време, кое може да кажеме дека е најблиску до идеалното слободно време. Какво? би сакале да биде? и за Какво време тежнееме? Но, дали е тоа некоја конечна форма? Секако дека НЕ.

Денешното слободно време со кое располага човекот не е ослободено од надворешни влијанија, кои најчесто го одредуваат временскиот интервал и начинот на располагање со истото. Денеска исто така постојат многу фактори кои го одредуваат и ограничуваат слободното време. Креирањето на слободното време е мултидимензионално. Времето кај човекот е премногу програмирано. „Модерниот поредок подобро би функционирал без јаглен, железо и пари отколку без часовник"[4]

Иако слободното време е наменето за човекот, тој не е препуштен сам на себе. На слободното време влијаат повеќе фактори (училиштето, семејството, опкружувањето, државата..) на сите тие им е должност да обезбедуваат услови, покренуваат иницијативи, предлози, решенија во функција на квалитетно, утилитарно, културно и достоинствено минување на слободното време.

Слободното време ја рефлектира вистинската природа на личноста „Кажи ми што правиш во слободно време, па да погодам кој си и што работиш". Ова е време во кое во најголема мера е запазена индивидуалноста на човекот. Слободното време го детерминира човекот, бидејќи тоа најмногу е

[4] Ненадић М.,(1987),Слободно вријеме у дјелу Карла Маркса, Сарајево, Веселин Маслеша,стр11

поврзано со човековите интереси, радозналост, упорноста, истрајноста, победничкиот дух, восхит, задоволство, чувството на среќа исл., кои продуцираат мотивација, желби, соништа. пр: Некои луѓе се занимаваат со спорт од потреба за рекреација, други за да станат врвни спортисти.

„Слободното време може да го поттикнува процесот на знаење, ширење на сознајните хоризонти, збогатување на емоционалниот живот, развивање на психичките сили и способности, збогатување на навиките и вештините, развивање на индивидуалноста и колективноста, односно телесно, интелектуално, естетско, морално, работно обликување на човекот"[5]

Единствено слободното време на човекот, едновремено, му пружа задоволство, емоции, восхитеност. Тоа е време во кое човекот бара социјална афирмација која е значајна особено за младите луѓе. Младите имаат поголема желба за наметнување во друштвото, средината и училиштето. Кај возрасните таа желба е нешто помала, слободното време им се намалува, а се зголемуваат домашните обврски.

На слободното време влијаат два вида на фактори:

-екстерни и

-интерни.

Првите се условени од обврските што ги има човекот, а вторите на психо-физичките процеси, интересите, желбата и мотивацијата за слободно време.

Може да се влијае и врз двете карактеристики, но за тоа е потребно подобро планирање и организација на обврските v.s. слободното време. На самите интереси може да се влијае преку понуди, пропаганда и сл.

Низ историјата е докажано дека образовно-воспитното ниво влијае на начинот на кој се користи слободното време.

---

[5] Šimleša P.,(1973),Pedagogija,Zagreb,Pedagoško-književni zbor,288стр

Педагозите сметаа дека луѓето треба најпрвин да се оспособат за правилно користење на слободното време. Но тука се поставува прашање до каде може да се оди со убедување на личноста и давање на инструкции, а тие да не преминат во притисок врз личноста. Моќта на убедувањето се користела за контрола на широките народни маси со векови и уште е доволно силна и незаменлива, поготово во демократските општества(ако такви воопшто и постојат). Сите насочувања, влијанија треба да се одмерени, добронамерни и не треба да содржат елементи на присила и ограничувања. „Непочитување на принципот на слободен избор, може да предизвика контра ефект".[6] Слободните активности би требало повеќе да се на доброволна база. Слободното време онака како што сме го замислиле, без притисоци од страна, му дава смисол на денешниот современ стил на живеење. Слободното време треба да растеретува, а не да оптеретува. Сестраните човечки особини може да се развиваат, само во онаа време кое не се проведува во принудна работа.

Како и секоја работа во животот на човекот и слободното време има позитивна и негативна страна. Доколку сакаме да преовладува позитивната страна, неопходно е да се проучува и негативната страна на слободното време. Слободното време, времето кое доаѓа, е време на изобилство. Доколку човекот во тоа изобилство прибегне кон пасивноста, класичниот одмор, тој ризикува да налета на царство од досада и да пронајде излез во мали задоволства и забава.

Слободното време е потреба која во иднина, само ќе може да се проширува и надградува, во неа човекот се самоизразува и самопотврдува. Обратно не е возможно смалување на слободното време, затоа што тоа воопшто се нема случено во човековата

[6] Rosić V.,(1986),Domski odgoj,Pula, Istarska naklada,стр81

историја, тоа може да го разгневи човека, да дојде до израз човековата бунтовна природа. Дури и кога слободното време дава крајно негативни ефекти, нема враќање назад. Нема укинувања на слободното време. Човекот одсекогаш тежнеел за слобода. Лишување од слободно време, некои мислители го поистоветуваат со лишување од слобода.

Денеска слободното време е поврзано со сите сфери на човековото живеење. Доколку во било каков случај би дошло до исчезнување на слободното време, тоа индиректно би значело укинување и на образованието, културата, индустријата и други вредности на нашата цивилизација, а тоа кореспондира со враќање на човекот назад во времето.

Проблемите од слободното време треба да се решаваат со воведување на нови, диференцијални, дијаметрално-спротивни, содржини од оние кои не дале резултат. Слободното време е против тежа на работното, кое се карактеризира со принуда, слободното време треба да се карактеризира со слободен избор.

Затоа е потребно слободното време да еволуира и да поприма нови современи форми и димензии. Нови форми на минување на слободното време, значи и нови животни радости за човекот. Така се избегнува влегување во монотонија, заспаност, летаргија.

Погрешна би била претпоставката дека денешното слободно време е конечно, напротив тоа се карактеризира со неизвесност за иднината, што ги тера луѓето да размислуваат и да го живеат секој ден како да е последен, па можеби тука се крие и причината за хедонизмот во човекот, желбата за интензивен живот, забава т.н. „homo ludens". Тоа пак од друга страна го открива сиромаштвото на духот во нашето време, бидејќи не може едно краткотрајно задоволство да ја надомести целокупната празнина во животите на луѓето.

Најголемиот непријател на слободното време, во денешно време, е самиот човек, кој свесно го „убива" слободното време, обидувајќи се да достигне некоја цел, побудена од некои секундарни потреби, а истата таа цел е вештачки иницирана од массмедиумите, „машините за перење на мозок", „забавите за пошироките маси".

Од тука слободното време не крие само благодети туку и опасности, успони и падови, афирмација и негација. Слободното време недвосмислено донесе со себе и досада, патологија: дисхармонија во семејствата, оптеретување на семејниот буџет, бекство од реалноста преку интернетот и телевизијата, отуѓување и ред други негативни појави.

## 1.1СЛОБОДНО ВРЕМЕ-ИСТОРИСКИ ОСВРТ

Слободното време може да кажеме дека е белег на современото општество. Слободното време поинтензивно и поконзистентно се развива во XX век. Тоа е точно, но исто така факт е дека слободното време, како такво не се создало одеднаш, туку има своја историска генеза, од создавањето на човекот до денес. Тој развој на слободното време ќе продолжи да еволуира и во иднина.

Додека иднината останува неизвесна, во минатото се знае дека човекот пројавувал интерес за слободното време, дури и тогаш кога го немал воопшто и кога целосно бил насочен кон обезбедување на храна за живот. За тоа сведочат племенските ритуали и танци.

Со појавата на класите се појавиле и првите разграничувања и привилегираност, првото вистинско слободно време. Во *робовладетелското општество*, робовите немале слободно време бидејќи биле сметани како орудије за работа. Тие биле средство кое треба да обезбеди слободно време за робовладетелската

класа. На робовладетелите им останувало доволно слободно време да се занимаваат со спорт, математика, филозофија и друго. Многу облици на забава од тоа време останале популарни до ден денес (комедии, трагедии, атлетика, гимнастика..). Многу филозофски мисли за слободното време се и ден денес актуелни и сеуште важечки. Во продолжение ќе наведеме некои од нив:

Платон: „Ако децата убаво започнале со игра и ако со помош на музичкото образование, научат законитости, тогаш тие ќе ги пратат насекаде, ќе ги јакнат и повторно ќе се подигне во државата она што се срушило"[7]. Мошне интересни се мислите на Аристотел кој истакнува: „Луѓето се одлучуваат за војна поради мир, за работа поради слободно време, за она што е нужно и корисно, поради она што е добро и убаво. Цел на војната е мирот, а цел на работата е слободното време" и „Само најдобриот човек бира најдобро уживање, кое има свои корени во најголемата убавина"[8]. Филозофот Л.А.Сенека вели: „Никој не мисли дека е нешто должен кога добил време, а сепак тоа е единствената работа која и најблагодарниот човек неможе да ја врати"[9]

Аристотел вели дека: Слободното време не е крај на работното туку работното време е крај на слободното. Слободното време е тоа кое му носи среќа на човекот, а не работата. Аристотел бара повеќе време за творештво, креативност, на сметка на користење на силата, повеќе ја вреднува интелектуалноста кај човекот. Мора да се учи за да се знае како да се исполни слободното време.

---

[7]Според:БаракоскаА.,(2003),Педагогија на слободното време, Скопје,стр.20

[8]Според:БаракоскаА.,(2003),Педагогија на слободното време, Скопје,стр.21

[9]Според:БаракоскаА.,(2003),Педагогија на слободното време, Скопје,стр.24

Иако во претходно искажаните мислења може да се забележи класната припадност, благородничката ароганција, оправдувањето на ропството, војната исл., останато изнесено мислење за слободното време и ден денес е важечко. на пр: Треба да се знае и да се учи како да се користи слободното време; слободното време според афинитетите, интересите и способностите.

Во феудализмот иако ропството е укинато, обичните луѓе и понатаму работат од утро до мрак. Забавите од античките колосеуми се преселија во дворците на благородниците (дворски игри, забави, балови исл.). За своите хирови ги користеле големите давачки на селаните и слугите во дворците „дворски будали". Црквата имала монопол над знаењето, парите и моќта на убедувањето. Црквата станала главен инструмент за одржување на неподносливиот начин на владеење. Црквата неделата ја определила како ден за молитва и одмор. Дали слободно време е само за во недела? Зарем луѓето не живеат од недела до недела? Работата и молитвата стануваат главно мото за живот. Во феудализмот слободното време и понатаму е привилегија за повисоките класи, со таа разлика што станало уште понекреативно и без развој на науката и културата.

Хуманизмот и ренесансата носат прогрес на разумот и науката. Тие се вовед во технолошката револуција? Главна тема на расправа помеѓу филозофите: Дали овој период се смета за вистински почеток на слободното време? Се случуваат битни промени во сите сфери на живеењето и работењето. Се забележува продор на она што се нарекува „otium" за сметка на она што се нарекува „negotium". Сепак хуманистичкото движење ги зафатило само аристократските слоеви на општеството.

Во делата на Карл Маркс и Фридрих Енгелс најдобро е опишана бездушноста на капиталистите и капиталистичкото општество, за искористувањето на работниците, детскиот труд и социјалните права. Во мануфактурното производство одморот се

користи исклучиво за обновување на работна сила кај работниците. Бездушноста и апетитите на капиталистите се повеќе се зголемувале. Што, довело до појава на движења за правата на работниците.

Ернст Блох размислува дека човек заради економскиот напредок го занемарува слободното време, тој човек нема слободно време и никогаш неможе ни да го има, се поставува прашање дали тој човек живеел воопшто, може да постигне економски напредок, но неможе да се еманципира.[10]

Слободното време не треба да биде само во функција на обновување на работната сила туку и за разонода и рекреација.

Прв филозоф кој успеал на дело да ги спроведе идеалите на Карл Маркс и Фридрих Енгелс, бил Ленин со неговиот бољшевизам. Тој смета дека после октомвриската револуција, во неговата земја човекот за прв пат работи за себе и го користи слободното време за себе, според свои убедувања и сваќања.

Со буржоаската револуција, технолошката револуција, мислењата на социалутопистите, со текот на времето, човекот се изборил за скратување на работното време и слободни денови.

Слободното време денес се смета за демократско право на луѓето и е загарантирано во уставите и законите, меѓународни организациии се обврзуваат да го следат и гарантираат. Се поизвесно е дека ерата на слободното време допрва следува.

Денеска слободното време различно се толкува од континент до континет, од држава до држава, од уредување до уредување. Не се исти неделните работни часови во Јужна Кореа, Јапонија, Европа, САД.. Моќта на слободното време ќе ја почувствуваат сите, некои порано некои подоцна. Слободното време има таков магнетизам, што нема да можат да му одолеат

---

[10] Според:Ненадиќ М.,(1987),Слободно вријеме у дјелу Карла Маркса, Сарајево, Веселин Маслеша,стр10

и најголемите работници „workoholics". Во сите тие држави има приврзаници и противници на скратеното слободно време. Сеуште има песимисти, кои веруваат дека скратувањето на работното време ќе ги доведе луѓето до раскалашеност, пасивност, патологија, мрзливост. Ова е резултат на сеуште недоволната истраженост на слободното време и за благодетите и последиците од него. Па така повеќето мислења се базираат на претпоставки и теории. Лесно доаѓаме до заклучок дека мислењата, кај педагозите и други научници што се занимаваат со слободното време, се поделени. Некои мислат дека тоа е во криза, некои сметаат дека, времето што доаѓа, ќе биде обележано од слободното време и доколицата „schole„. Песимистичките претпоставки се темелат на резултатите на теренот, кои говорат за лоштото менаџирање со слободното време.

## 1.2ОДНОСОТ МЕЃУ РАБОТАТА И СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Голем број научници се занимавале со слободното време како Димаздие (најзначаен изучувач на слободното време), Аристотел, С.Де.Грaзиа, М.Каплан, Маркс, Енгелс, Ленин, Струмилин идр. За сите мислења и дефиниции за слободното време заедничко е дека: тоа е време ослободено од работа и задоволување на физиолошките потреби. Слободното време според сите е „нов момент", слободното време доживува експанзија и не може да се споредува со некогашното слободно време кое било строго подредено на класната припадност.

Многубројните откритија во поново време, збиени во многу краток временски период, т.н. трка по образование и патентирање откритија, сведочат за потребата на луѓето од слободно време. Многубројните пронајдоци се измислени да заштедат на време и да го олеснат животот. Сепак, желбата за престиж го тера човекот да се сврти кон дополнитени приходи што ја убива

неговата креативност, често и самото слободно време се доживува како губење на време „немање време за слободно време"

Кога слободното време би го протолкувале како „царство од слобода" тоа во себе би го вклучило и човековата хедонистичка природа излежување, мрзливост (отуѓено слободно време), што асоцира на осаменост или бегство од слобода. Најопасна врста на хедонизмот е т.н. „вулгарен хедонизам".

„Противниците на скратеното осмочасовно работно време, како главни аргументи истакнуваат дека зголемувањето на слободното време ќе предизвика развој на девијантното и патолошкото, ќе доведе до пораст на алкохолизмот и престапништвото"[11]

Работата е повеќе за општеството, додека слободното време е повеќе за себе. „Работата е средство, за да може подобро да се живее во слободно време"[12]

Светот не може без работно време, тоа ја обезбедува егзистенцијата на човекот. Работното време е линеарно, монотоно, без изненадувања, предвидливо. Работното време е непријатно и неинтересно. Слободното време е пак сосема спротивно од работното. Меѓу тоа тоа не значи дека слободното време е создадено да го уништи работното време. Напротив тоа го надополнува, дава енергија која подоцна ќе биде добредојдена на работното место. Времето на човекот во еден ден(24h), т.н. „хемија на животот", ги опфаќа сите потреби на

[11] Божовић Р.,(1979).Искушења слободног времена.Београд, Младост,стр 232

[12] Jerbić V.,(1973).Analiza funkcija slobodnog vrijemena djece i omladine. Centar za vanškolski odgoj, Zagreb,стр19

човекот(физиолошки, разонода, спорт, работа). Велиме: преку глава ми е од работа, одам малку да се разонодам.

Со развојот на науката, средствата за комуникација, индустријализацијата, техниката, електрониката и кибернетиката се отвори простор за непречен продор на слободното време. Слободно време, но не било какво слободно веме, слободно време што исполнува, што не прави среќни, слободно време какво што сме го замислиле и испланирале.

Многу е извесно дека во иднина ќе дојде до „среќен спој" на работата и слободното време. Работното време може да му донесе среќа на човекот само доколку и самото се претвори во „игра" т.е. ги исполни истите начела на слободното време[13]

Компјутеризацијата и роботизацијата на работното место налага потреба од високо образовни кадри, за сметка на ниско образовните. Машините ја заменија физичката сила на општите и физичките работници. Работата бара креативност, комуникативност, прилагодливост исл.

Слободното време треба да се користи за лично вреднување, а не за игнорирање на работата. На човекот со неработењето му се заканува опасност од безочовечување-враќање во животно. Б.Суходолски слободното време го смета за „подарок и проклетство", затоа што освен кон еманципација води и кон лична деструкција.[14]

А.Ками:„Предлагам да се сврти класичната формула и работата да стане плод на доколицата. Достоинство во работата постои и во чезите во кои луѓето се возат во неделата".[15]

---

[13] Janković V.(1973).Slobodno vrijeme u suvremenoj teoriji i praksi. Zagreb.Pedagoško-književni zbor,стр56-64

[14]Според: Plenković J..(2000).Slobodno vrijeme mladeži. Rijeka.Društvo prijatelja Hrvatska-Japan Rijeka,стр11

[15] Според:BozovićR..(1979).Iskušenja slobodnog vremena.Beograd. Mladost,стр123

Може да заклучиме дека задоволство може да се најде и во работата доколку се најде компромис, баланс помеѓу потребата и задоволството.

Во периодот на раниот капитализам тешко се пробивала идејата за слободно време, капиталистите биле против намалувањето на работното време и зголемување на слободното време, под изговор дека зголемено слободно време води кон досада и безделничење, прокламирајќи напорна работа во неповолни услови, работа која води кон алинеација на личноста.

Од друга страна не може потполно да се негира работата. Работата го створила човекот и е потребна да го одржи во живот и кондиција „homo faber-човек работник". Тоа не значи работниците да се претворат во машини, орудие за работа, кои многу работат, а малку мислат. Најнапред треба да се создаде „љубов кон работата", а не принудна работа. Капиталот ги тера луѓето постојано да работат. Работното време е пред човекот и неговите потреби. „Времето е се, човекот е ништо"[16]

Неизвесна останува иднината во која се забележува продорот на слободното време „ера на слободното време" во која се повеќе денови ќе се прогласуваат за неработни, дури според некои сваќања треба да се одбегнуваат сите активности што наликуваат на одреден вид работа. Неизвесна останува во смисла до каде ќе оди овој прогрес, паралелно со развитокот на светските економски кризи. Од една страна потребата од работа и финансии, а од друга страна хедонистичката природа на човекот и потребата од дополнителни приходи за задоволување на истата. Човекот е „збудален" од многу силни влијанија кои му се наметнуваат како природни, како борба за престиж, а не егзистенција. Од друга страна под поимот егзистенција се гледа

---

[16] Ненадић М.,(1987),Слободно вријеме у дјелу Карла Маркса, Сарајево, Веселин Маслеша,стр58

од аспект на некои искривени вредности, кои од категоријата секундарни потреби ги ставаат во сенка и примарните, есенцијаните потреби, кои се суштински во битствувањето на човекот. „Рекламите, модата, компетиција и рекордерството, шундот и кичот се главните извори на патолошките појави"[17]

Развојот на науката е во функција на слободното време. Сите изуми се направени од потребите на човекот за полесно функционирање. Науката пак овозможува времето поминато во работење да е поолеснето, подносливо, релаксирачко. Бројот на часови поминати на работно место е намален. Се поголем дел од обврските на работното место и дома се препуштаат на роботите. Иднината каде андроидите ќе вршат поголем дел од нашите обврски, не е многу далеку.(како од SF филмовите) на тој начин „ќе се оствари вечниот сон на човекот-слобода"[18]

Работата е потребна само за да создаде услови за удобно минување на слободното време. Работата треба да е целосно во функција на слободното време. Тука може да кажеме и учењето е во функција на слободното време. Учиме за да знаеме како? Што со слободното време? Да знаеме да ги препознаваме негативните појави во слободното време. Учиме надевајќи се на поголемо слободно време во иднина за нас и нашите поколенија.

---

[17] Plenković J..(2000).Slobodno vrijeme mladeži. Rijeka.Društvo prijatelja Hrvatska-Japan Rijeka,стр27-37

[18] Баракоска А..(2003).Педагогија на слободното време, Скопје,стр72

## 2.ФАКТОРИ ШТО ГО ЗАГРОЗУВААТ СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Слободното време денес, може да кажеме дека е потреба на секој човек и покрај сите различности и поделби што владеат кај луѓето. Нема дилеми дека тоа е време кое му е потребно на секој човек, без оглед со каква дејност се занимава, дали е ученик, работник, дури и невработен (уште повеќе ако е невработен), затоа што, слободното време во неговата најсовршена денешна форма, не служи само за репродукција на работната сила. Пасивниот одмор може да биде заменет со некоја физичка активност која ослободува од стрес, кој го носи брзиот начин на живеење.

Низ историјата секогаш се фаворизирала работата како неопходна за постоење на човекот, со теоријата дека работата го создала човекот.(само човекот е способен да работи). Но факт е дека денеска, според потребите на пазарот на трудот, преовладуваат работни места за кои се бара поголеми знаења и квалификации, кои се одликуваат со минимум употреба на физичка сила и поголемо користење на умствената сила „мислечка нација". Затоа е потребен богат и исполнителен живот надвор од работното место кој ќе ги надополни сите недостатоци на работните места, ќе го врати балансот на хармонично и здраво живеење.

Човекот треба да е воспитан во хуманистички дух, алтруист, да биде полезен, утилитарен кон општеството и кон луѓето. „Луѓето сакаат да го прават тоа што од општествена гледна точка би требало да го прават"[19] Човекот доживува фрустрации,

---

[19] Sorokin B..Funkcionalni i disfunkcionalni aspekti socijalizacije u našem savremenom društvu.Socijalizacija i društveni oblici života mladih i slobodno vreme(četvrti kolokvij o slobodnom vremenu mladih).Šibenik.str23

затоа што и тоа што го прави најчесто не е убеден дали е правилно или не.

Човекот не е човек само во слободното време, за што најдобро сведочат невработените. Тие се чувствуваат отфрлено, маргинализирано. Слободното време доаѓа во криза ако го нема доволно или ако го има премногу.

Да се остане човек и покрај сите зла на денешницата е многу тешко. Емил Диркем: „Злосторството е нормална и неизбежна појава во општеството"[20]

Во послабо развиените држави, луѓето немаат многу слободно време поради примитивниот начин на производство. На оваа теза се спротиставува антитеза која вели дека точно е тоа дека осовременување на производството носи повеќе време но само за примарните потреби. Секундарните потреби алармираат за криза во слободното време. Секундарните потреби го враќаат човекот на почетокот на борбата за слободно време. „Она што продуктивноста на работата го создаде како суфицит, секундарните потреби преку ноќ го претворија во дефицит" [21]

Секундарните потреби трошат многу повеќе време од примарните. Примарните потреби траат се до нивното задоволување, потоа престануваат, тие се конечни и временски ограничени. Секундарните потреби се:

-неограничени

-долготраат

-трошат единствено слободно време

---

[20]Според:АцескиИ.,(2007),Социологија,Скопје,филозофски факултет, стр340

[21] Slobodno vrijeme u funkciji socijalističkog samoupravnog preobražaja odgoja i obrazovanja.Stručni i znanstveno istraživački radovi na šestom kolokviju. (1975). Dubrovnik.str209

-неопходно е лично присуство

-трошат средства(финансиски и материјални)

(пр:за јадење е доволно 20min, додека за возење со автомобил, авион, прошетка, кино, театар, потребно е многу повеќе време). Секундарните потреби се неограничени, само што сме задоволиле една се јавува друга (после гледање на добар филм сакаме да одиме во ексклузивен ресторан). Секундарните потреби трошат енормно многу, така да работиме и абнормално многу не можеме да ги задоволиме (гардероба, коли, мебел, вили, spa and wellness центри, козметички третмани, стилисти и сл). За задоволување на секундарните потреби, неопходно е ангажирање на послуга, дадилки, градинари исл.

Човекот се чувствува непријатно додека работи, а се чувствува најдобро додека троши. Таквата природа го вовлекува човекот да бара нови возбудувања, а тие барања се бесконечни. Тоа може да го доведе човекот до обезличување, декаденција на личноста, а од друга страна пропаѓање материјално и финансиски поради презадолженост. Во денешно време, во светот се случува: многу богати луѓе лесно доаѓаат до банкрот, поради неконтролирано и недомаќинско трошење, а сето тоа е предизвикано кога секундарните „мегаломански" потреби прераснуваат во хирови и престиж на богатите (колекција на јахти, спортски автомобили, скапи вили исл). Луѓето многу тешко ги заработуваат парите, за потоа многу лесно да ги потрошат за работи кои во суштина не им се (премногу) потребни. Mass-медиумите бомбардираат со скапи реклами кои го мамат човекот да каже„ова мора да се проба„, невозможноста да се поседувааат водат кон стрес, неврози и фрустрации. Доколку се поседуваат се јавува страв еден ден да се изгубат и да не се поседуваат.

Примарните пак потреби, се задоволуваат на многу лесен и експресен начин. Храната е готова само се подгрева. Цигарите и

кафето се готови може и да се понесат по пат ако немаме време дома да ги конзумираме, „конзумирачко општество„. Покрај свеста дека тоа што го правиме не е здраво, неисправно постапуваме, ние работиме надвор од здравиот разум, свеста е помрачена од желбата за задоволување на секундарните потреби.

За да го задржиме високиот стандард мораме да се одлучуваме на дополнителна работа. За да може да се користи слободното време треба да се изгуби слободното време што го поседуваме (пр: наместо скромно однесување за кое се поседува доволно пари, се избира трендовско кое е многу поскапо, желбата да се биде „in"). Родителите мора напорно да работат за да можат да ги задоволат потребите на нивните модерни „во тренд" деца.

Криза на слободното време ја голта средната класа. Глобализацијата носи исти потреби, разбирања и однесувања, но за жал условите и економската состојба се разликуваат од држава до држава, од семејство до семејство. Ваквите однесувања и начин на живот на луѓето попримаат елементи на масовност, масовна култура. Масовната култура води кон безидејност и ја уништува креативноста. „Главни обележја на сите тие активности на масовното слободно време е што изненадуваат, возбудуваат, одвратуваат, разонодуваат, но не допуштаат некој творечки развиток на личноста"[22] „Некогашниот облик на спорт и разонода, масовната култура го претвори во трка за профит", „масовната култура е измислена, со цел човекот да конзумира,

[22] Баракоска А.,(2003).Педагогија на слободното време. Скопје.стр74

да троши, (homo consumens)-дури и тогаш кога нема никаква активност, нема потреба за тоа"[23]

Не сите групи на луѓе имаат еднакви можности за квалитетно минување на слободното време. Еве некои поважни фактори кои го условуваат слободното време:

-економскиот фактор
-работното место
-брачната состојба
-полот
-возраста
-образовниот процес
-животната средина
-културата
-условите
-медиумите
-компјутерите
- и други

Сите овие фактори влијаат и позитивно и негативно врз слободното време. Така телевизорот и компјутерот во голема мера го олеснуваат животот, но исто така го заробуваат човекот премногу долго што го „гушат" неговото слободно време. „Ако слободното време се доживува премногу пасивно, тоа неможе да го неутрализира незадоволството што е присутно во процесот на трудот"[24]

Секое работно место е специфично на свој начин, таму може да се поминува поголемиот дел од денот, некои го трошат работникот физики, некои психички. Специфичноста(тежината)на

---

[23] Slobodno vrijeme u funkciji socijalistićkog samoupravnog preobražaja odgoja i obrazovanja,Stručni i znanstveno istraživački radovi na šestom kolokviju.(1975).Dubrovnik,стр197-203

[24] Ацески И.,(2007).Социологија.Скопје.филозофски факултет.стр407

работата влијае на слободното време. Самата местоположба на работното место влијае на слободното место (на пр.: ако се патува повеќе време поради одалеченоста на работното место од местото на живеење). Во смисла припрема за работа, доаѓање на работа и поаѓање (често се случува вработување подалечно место за поголем личен доход, па затоа не се одлучуваат во текот на денот на уште едно излегување од дома, поради разонода, да не ја повторат истата постапка). Притисоците на работното место, мобингот, исто така влијаат врз расположението на луѓето.

„Брачната состојба го намалува слободното време"-оженетите работници повеќе гледаат телевизија од неоженетите, а помалку се бават со спорт.[25]

Според Љубинка Брочиќ: жените работат севкупно повеќе од машките иако во просек помалку време проведуваат на работа. Како резултат на тоа мажите имаат и повеќе слободно време. Истиот сооднос е и кај невработените со тоа што разликата е уште поизразена во корист на машките.[26]

Социјалните и класните диференцијации влијаат во користењето на слободното време. Сиромашните не ги мачат истите прашања, тие мора повеќе внимание да посветуват и на материјалните прашања. Посиромашните се принудени повеќе да работат, поради недостиг на средства за живот. Богатите и да го напуштат образованието, не се под притисок на на животната егзистенција. Сиромашните единствен излез од сиромаштијата и подобрување на социјалниот статус гледаат во образованието. Економската состојба може да ги принуди прерано да го напуштат

---

[25] Zimanji V.,(1983).Slobodno vreme industrijskih radnika u SAP Vojvodini.Subotica. Ekonomski fakultet

[26] Брочић Љ.,(1968).Слободно време и формирање младе личности.Београд. Ђуро Салај

образовниот процес и да започнат со работен однос. Затоа начинот и времетраењето на кој го минуваат слободното време се разликуваат.

Велимир Томановиќ го истражува слободното време според социјално-материјалниот статус. Тој заклучува:

-младите луѓе со подобар социо-економски статус имаат повеќе слободно време на располагање

-женските имаат помалку слободно време на располагање во двете групи на испитаници со различен социо-економски статус

-средношколците имаат помалку слободно време на располагање од основците затоа што имаат многу повеќе часови на училиште и учење во домовите

- средношколците имаат помалку слободно време на располагање од младите луѓе во процесот на трудот кои уште не прифатиле посериозни животни обврски (во просек 48 часа неделно на спроти 40 на младитеработници) напомена доколку се почитуваат законските одредени 40 часа неделно.

Кај возрасните односот спрема слободното време опаѓа со текот на годините, додека кај младите се повеќе се зголемува интересот за активност во слободното време со зголемување на годините. Слободното време не служи само за уживање, туку и за активност во која ќе се чувствуваме корисни. Според податоците на Dr. Anna Olszewska младите многу повеќе го прифаќаат и одобруваат слободното време од повозрасните.[27]

Условите за идеално минување на слободнто време се разликуваат од: држава до држава, од општина до општина, некаде се посветува повеќе внимание некаде помалку. Помалите општини секогаш се запоставени во однос на поголемите.

---

[27] Olszewska A.,Slobodno vrijeme i sudjelovanje seoske omladine u kulturi.Kultura mladih i slobodno vrijeme (stručni i znanstveno-istraživački radovi na petom kolokviju u Dubrovniku).(1975).Beograd.Centar za vanskolski odgoj saveza Nasa djeca ,стр75-81

Во текот на ерата на глобализацијата, карактеристично е ширењето на масовната култура. Може да кажеме дека медиумите и интернетот се заслужни што некои нови форми на минување на слободното време, скоро истовремено пристигнуваат во најголемиот дел од светот, на тој начин градејќи култ кон слободното време и културното користење на истото.

Воведувањето на младите во културата и спортот е важно да се направи што е можно на порана возраст, за да се стекне љубов, интерес и навики кон истите.

Медиумите и интернетот го попречуваат слободното време, на начин што предизвикуваат зависност и го окупираат поголемиот дел од слободното време на човекот. Тие ги заробуваат младите пред тв. екраните. Децата особено помалите, немаат многу можност за бирање на забава. Тие избираат оној тип на забава која ќе му се понуди. На тој начин се поистоветуваат со тв. јунаците. Повеќе не е модел на однесување некој од поблиската околина, туку актери, пејачи, спортисти идр. Телевизиските програми се полни со насилство, криминал, промискуитет. Mass медиумите диктираат начин на однесување, облекување, говорење идр. Во услови кога нема можност да се исфилтрираат телевизиските програми, најдобро е децата да гледаат телевизија под надзор на родителите. Од овие две зависности особено опасна е втората (интернетот). Додека првата постои нешто пред да се појави интернетот, втората за кратко време станува подоминантна. Симптомите од оваа зависност не се разликуваат многу од оние зависноси како дрогата ,алкохолот, коцкањето. Главниот проблем е тоа што луѓето не веруваат и ја игнорираат, а дел се неупатени во овој проблем кој е нов за сите луѓе воопшто. Интернет зависноста пречи и во односот кон работата, економијата, социјалниот статус, и на основните потреби одморот, сонот, храната.

# 3. МЛАДИТЕ И СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Слободното време е важен фактор за интеграција на младите во општеството и нивниот психички и физички развој. За младите слободното време претставува време во кое не ги спречуваат правила и норми, кои помалку или повеќе се принудени да ги почитуваат дома и на училиште.

Во младоста многу полесно се консумираат и доживуват нештата од образованието, воспитанието и културата. Младешката возраст е идеална за воведување во културата, спортот исл. Многу е важно да се запази воспитниот удел на слободното време и да се разграничат лошите и добрите начини на минување на слободното време. Да се расчисти дилемата околу тоа кое слободно време е идеално за младите? Да се расчистат дилемите:

- **Дали**, слободното време е повеќе плод на културно воспитание или потреба од забава и разонода? и;
- **Дали**, младите имаат доволно слободно време?

За таа цел во училиштата се спроведува и слободни активности во кои се застапени спортот, играта, забавата, творештвото, креативноста, уметност, музика исл., со цел воведување на младите во позитивно користење на слободното време. Овие активности не се воведени за училиштето, наставата, ниту наставниот кадар, тие се наменети исклучително за учениците и задоволувањето на нивните потреби од забава, креативност, одмор, рекреација исл. Главната цел на слободните активности е проширување на знаењето, развивање на културно уметнички и спортски вештини, творештво, работно-технички способности.

Постои разлика помеѓу слободното време и слободните активности. Слободните активности се организираат во делот од слободното време на ученикот ги организира училиштето, за

ученикот. Додека слободното време и не мора да се карактеризира со никаква активност иако е пожелно ученикот да биде активен во слободното време.

Младите во слободното време, имаат повеќе време да размислуваат, да градат ставови, и бидат свои на свое. Во слободното време ги задоволуваат своите емоции и се пронаоѓаат себе си во некоја активност, хоби, игра, забава.

Младите се повеќе критички гледаат на се онаа што не опкружува во светот. Некои можеби ова ќе го наречат непослушност, но со младите се потешко се манипулира. Младите сакаат да бидат дел од управувањето и одлучувањето. Младинските организации стануваат доминантен општествен фактор. Сите револуции што се случувале и се случуваат во светот се предводени од младите. Во услови на глобализација и глобални социјални мрежи пораките лесно се пренесуваат од едниот на другиот крај на светот. Исто така и кризните ситуации лесно и брзо се шират.

Ова нека биде и порака до челниците да соработуваат со младите. Да не бидат констурктивни само кога се одлучува по нивните приходи. Да се посветува внимание на условите во кои младите го поминуваат слободното време. Ако ги разгледаме условите кои ги имаат за спортување младите, колку кино сали функционираат во Р. Македонија, театарот се мачи да обезбеди средства за егзистенција, многу младински организации се мачат да обезбедат какви такви услови за работа. Младите се на некој начин запоставени. Тоа воопшто не е за потценување, ако се знае дека младите се движечка сила на едно општество. Колку младите стануваат поактивни толку е посветла иднината на општеството.

Предностите на слободното време на младите во однос на возрасните ги кажавме, но има и одредени ограничувања. Буџетите на младите се ограничени, па така тие чувствуваат

фрустрации што сите облици на слободни активности во слободното време не им се достапни. Нискиот ниво на животен стандард и материјална несигурност го спречуваат младиот човек активно да учествува во слободното време онака како сам го замислил. Исто така тоа се коси со самостојноста во одлучувањето затоа што често тие се условувани и мора да слушаат и исполнуваат совети од постарите. Не дека не треба да се влијае на слободното време на младите, но претераното мешање може да води кон неодлучност, конфирмизам, несигурност. Не може да дојде до израз човековато право на избор и слобода, човековото „volens nolens".

Велибор Јербиќ во своето истражување спроведено на испитаници од 9-20 години доаѓа до сознание дека:

-слободното време е на трето место, зад примарните физиолошки потреби и работата во домот и за домот.

-активностите ги дели најпрвин на активности поминати во јавност и надвор од јавноста(повлечено), па на основа на тоа заклучува дека младите попрво би отишле на кино, театар, спорт отколку читање книга, весници, списанија. Тука исклучок прави телевизијата, која е омилена кај сите генерации.[28]

Денеска тој податок е уште поизразен. Феноменот телевизија и интернет, поготово младите ги врзува да седат во своите домови. Покрај тоа што многу од времето поминуваат на социални мрежи. Телевизијата и интернетот се потенцијална опасност, младите трајно да ги загубат навиките за активно минување на слободното време. Социјализацијата на нашата младина излегува од контрола. „процесот на социјализација дава обележје на промена и спречување на оние процеси кои во

[28] Jerbić V.,(1970).Slobodno vrijeme mladih u Zagrebu u 1968. Centar za vanškolski odgoj. Zagreb.str68

(чисти) биолошки услови би се реализирале", „Социјализацијата никогаш не престанува, таа трае цел живот"[29]

Филмовите и интернетот во голема мера учествуваат во формирањето на карактерите на младата личност. „Моделот на однесување не е нивен, туку увезен, имитационен, својствен за некој друг"[30] Филмовите денес се прават за да се задоволи визуелниот ефект, кој прв се воочува. Причината е да се вратат вложените средства, комерцијален ефект, додека воспитниот ефект е во втор план. Така многу филмови и емисии не содржат воопшто никаква воспитно-образовна содржина и не би требало да се препорачуваат за целата популација. „9/10 денешни филмови не оставаат никаков траг во помнењето"[31]

Некои активности како читањето, сликањето, пишувањето се универзални и подеднакво популарни кај сите генерации. Екранизација на романите не може во потполност да ги надополни содржините во книгите, со кој се подига квалитетот на размислувањето и изразувањето кај читателите. Напротив филмовите и книгите би требале да се надополнуваат, а не да се исклучуваат едни со други.

Денеска навиките на луѓето, трендот на искористувањето на слободното време кај нас па и глобално во светот оди во лош правец. Зголемувањето на слободното време и индустријализацијата не ги подобрија здравиот начин и ритам на живеење туку ги

---

[29] Rot N.,(1972).Socijalna Psihologija.Beograd.izdavaćko preduzeće Rad,стр90-101

[30] Slobodno vrijeme u funkciji socijalistićkog samoupravnog preobražaja odgoja i obrazovanja.Strućni i znanstveno istrazivaćki radovi na šestom kolokviju.(1975),Dubrovnik,стр209-214

[31] Slobodno vrijeme u funkciji socijalistićkog samoupravnog preobražaja odgoja i obrazovanja,Strućni i znanstveno istraživaćki radovi na šestom kolokviju. (1975). Dubrovnik.стр228

истакнаа лошите навики и начин на живот. Не е доволно само да се оствари слободно време. Многу поважно е со што ќе го исполниме. Слободното време само по себе не не прави посреќни.

Денешната младина, генерално гледано, не е оспособена за културно користење на слободнотот време. Тие не знаат ништо друго, освен своето слободно време да го поминуваат во кафулиња, дискотеки, пред компјутер и телевизор.

Денес никој не остана имун на масовната компутеризација, интернет, дигитализација на телевизиите, социјални мрежи. Наместо пронајдоците да им служат на луѓето, тие станаа робови на истите. Младите се соочува со нова реалност: гамерството, моќна индустрија која продуцира игри со фасцинантна графика која постојано се усовршува. Младите се толку маѓепсани во видео игрите, што забораваат на соите обврски, некои од младите живеат во тој свет повлечени од реалноста и не размислуваат за друг начин на минување на слободнотот време, игрите ги играат сами, во друштво, on-line. Facebook и twiter ја заменија директната комуникација и пренесување на информации непосредно. „Привидно зрели луѓе, станаа духовни инвалиди"[32]Дали светот има стратегија за борба против ваквото однесување на младите тешко е да се каже?

Засега се се сведува на полемизирање, остануваат само дискусии и јавни расправи, додека конкретни чекори изостануваат. Секогаш остануваат фактите, кои преку бројки постојано ги слушаме преку медиумите за тоа колку дебелината е проблем, какви промени во однесувањето настануваат од претерано користење на интернетот, кои болести земаат замав, во голем

---

[32] Slobodno vrijeme u funkciji socijalističkog samoupravnog preobražaja odgoja i obrazovanja,Stručni i znanstveno istraživački radovi na šestom kolokviju.(1975). Dubrovnik.str204-208

дел предизвикани од нездраво живеење. Какви се неприлагодени однесувања се појавуваат кај младите.

Изостанува неопходната активност кај младите. Спортот е par excellence „издувен вентил" за младите. Активното минување на слободното време ни носи среќа, делува на расположението кај луѓето. Спортот е најдобро антидепресивно средство. Спортот е средство за борба против неприлагодено однесување на младите, „стоп,, за агресивноста кај младите. Спортот треба да им припаѓа на сите млади луѓе, да не се комерцијализира и професионализира. На тој начин младите стануваат набљудувачи, а професионалните спортисти имаат слава, со нивните животи се занимава жолтиот печат, но го губат најважното, слободното време.

Кампања за спорт, здрава исхрана, претстој на чист воздух, да ги запознаеме планините и другите природни убавини на Македонија, развивањето на „homo turisticus" е еден од добрите начини за борба против пасивноста и одењето во крајност со седење пред компјутерот. Промената на колективната свест и создавање масовна култура за активно користење на слободно време.

Во човековата природа е секогаш да го одбира полесниот начин, свеста на човекот не е насочена кон тоа да може да ги согледа последиците од несоодветното негово однесување. Човекот е создаден преку работа, движење, активност. Преку нив ги развива срцето, мозокот, мускулите, белите дробови. Само со продолжена активност може да го зачува здравјето на истите. Младите на училиште не се физички активни, ако и во слободно време се пасивни тие нема да се развиваат правилно.

## 3.1 КАРАКТЕРИСТИКИ НА АДОЛЕСЦЕНТНИОТ ПЕРИОД

Училишната возраст на ученикот сместен во ученички дом, според развојот на психичкиот живот, припаѓа на фазата адолесценција и тоа средна адолесценција од 15-19 години. Во продолжение ќе се задржам на оваа фаза од психичкиот развој која е карактеристична за учениците сместени во средношколските ученички домови, инаку истите се и предмет на истражување.

Адолесцентниот период не почнува подеднакво кај сите, кај девојчињата нешто порано одколку кај машките. Границата која го означува почетокот постојано се спушта надолу како резултат, на поквалитетен начин на живеење, исхраната и здравствената заштита. Како што почнува така и завршува кај различни поединци различно. Денес таа граница е 24 години и е поместена во однос на порано, кога луѓето порано влегувале во зрелоста, поради прерано напуштање на образованието, формирање семејство и рано вработување.

Периодот на адолесценција се смета како преоден период помеѓу детството и зрелоста. Во оваа фаза се забележува забрзани физички и физиолошки промени, кои се основа за промените и во психичкиот живот на единката. Последната фаза не се одвива со забрзан раст, како претходните, туку со созревање.

Во оваа фаза учениците повеќе добиваат на тежина и цврстина. Мозокот ја достигнува конечната тежина. Во адолесценција созреваат основните физиолошки системи: кардиоваскуларен, дигестивен и респираторен.

Емоциите и лабилноста карактеристични за пубертетот постепено се смируваат. Младите стануваат поспремни и поцврсти за поголеми физички и психички напори. Во овој период значајно е активностите да бидат добро избалансирани. Активностите во текот на еден ден или недела треба да се разновидни. Во нив

треба да бидат опфатени и физичката активност, претстој во природа, активности од областа на културата и уметноста.

Врз формирањето на личноста влијааат повеќе фактори: општествената, социјалната и економската припадност, културата, училиштето, врсниците, семејството, биолошкиот фактор, животната средина(опкружување).

Адолесцентите се полни со самодоверба, желба за докажување и истакнување. Во овој период учениците се преоптоварени со училишни обврски. Занемарувањето на физичката активност лошо би се одразила на нивната потреба од социјална припадност и здравствената состојба. Физичката активност го јакне човековиот организам, го јакне имунитетот. Со претстојот во природа, на чист воздух, планина и слично, се зајакнува крвната слика. Преку пливањето и игрите во вода телото идеално се обликува и се спречуваат можните аномалии предизвикани од предолго седење, седење во неправилна положба, намалена активност, несоодветна исхрана и др.

Адолесцентот не поднесува наметнати влијанија. Покажува поголем интерес за дружење со врсници, интерес за социјализација. Адолесцентите сакаат што помасовно друштво. Тие уживаат во колективните дружења, игри и спортови. Станува поемотивен и чувствителен. Критички позрело размислува.[33]

Проф.Др. Борис Сорокин смета дека границата помеѓу детството и полнолетноста е многу строго и прецизно одредена (денеска дете кое претежно игра -утре човек кој треба да заработува, да формира семејство, ако е потребно со пушка во рака да застане во одбрана на татковината). Тоа се многу барања од човек кој до вчера бил дете, без да го запрашаме дали тој може и колку успешно би одговорил на сите овие

---

[33] Керамичиева Р.,(1996).Психологија во образованието и воспитанието: за студентите на наставничките факултети. Скопје.Просветно дело,стр.284-304

прашања. Тој не го оспорува овој процес, напротив го смета природен, но исто така смета дека треба да биде поблаг, со поголема подготовка за живот, без нагли промени и потреси.[34]

Сето тоа влијае и на слободното време во кое играта се повеќе и одстапува место на посериозни активности и размислувања за иднината.

## 3.2. ИНТЕРЕСОТ КАЈ МЛАДИТЕ ЗА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Слободното време е неопходно за социјализација, воспитание и образование. Слободното време што за работникот е надвор од работата за ученикот е надвор од училиштето (disposable time). Тоа време го поминуваат многу побезгрижно од возрасните, затоа што се помалку оптеретени со разновидни норми. Слободното време им припаѓа на младите, тие живеат и дишат за време во кое ќе бидат ослободени од секакви принуди и обврски наметнати од страна.

Младите го живеат технолошкиот дух. Ги користат новите откритија. Младите не сакаат да бидат пасивни, се повеќе ги интересира животот надвор од училиштето. Таму преку одредени активности ги надградуваат своите знаења, вештини и способности.

Најдобар увид во разликите во однесувањето и интересите за слободното време може да се добие со истражување на младите и старите лица(пензионерите). Луѓето од средната зрела возраст можат да содржат карактеристики и од двете групи и да не доведат до лажни заклучоци. Со испитувањето на две дијаметрално спротивни групи ќе се добијат многу појасни резултати. Младите се група на луѓе која ужива во слободното

[34] Kultura mladih i slobodno vrijeme (stručni i znanstveno-istraživački radovi na petom kolokviju u Dubrovniku).(1975).Beograd.Centar za vanškolski odgoj saveza Naša djeca,стр33-41

време, затоа се бори да го оствари. Пензионерите се група на луѓе кои цел живот се бореле за тоа слободно време, а сега одеднаш имаат голема количина на слободно време, за која не се толку заинтересирани како претходно.

Денеска помладата генерација е воспитана во еден поинаков дух, под влијание на современите средства за комуникации и медиуми како тв-то, компјутерот, интернетот, преку кои детето осознава за многу работи надвор од училишниот живот и без вклучување во процесот на трудот. Новите генерации се далеку поедуцирани од некогашните врсници. Се повеќе се ослободува од обврските за работа во домот, многу подолго се задржува во образовниот процес. Образованието е пообемно и збогатено со најнови податоци од истражувања и технолошки пронајдоци. Знаења стекнуваат буквално од секаде и секојдневно се бомбардираат со најнови информации. Младите стануваат повешти и поснаодливи во решавањето на животните проблеми.

Се повеќе се уважуваат нивните ставови во кругот на семејството, се запазува демократичноста во одлучувањето, главата на семејството не е апсолутен авторитет. Тоа значи дека младите имаат повеќе слободно време и причини да градат сопствени ставови и размислуваат критички. Слободното време е главна карактеристика за младите. Тие се заинтересирани за слободно време, кое не наметнува норми, задолженија и обврски. Колку правилно ќе успеат да го организираат зависи од многу фактори: колку ќе успеат да одолеат на предизвиците, притисоците, негативните влијанија, стрестните и брзи промени. Овој свет некогаш знае да биде и суров и груб и збунувачки да делува врз младите.

Прашањето за оптовареноста на учениците е старо колку и самото училиште(оптимализација на оптовареноста според возраста и интелигенцијата, води кон правилен распоред на обврските во училиштето и слободното време). Обврските од училиштето се

преголеми за децата „повеќе се додава ново, а помалку се исфрла старото"[35] и навистина се соочени со потреба од организираност на слободното време. „Работно време кај младите веќе преминува просечно работно време, што може да води кон нервози.."[36]. „јачината и напорот го надминува нормалниот интензитет и штетно влијае врз здравјето и нормалниот психички и физички развиток на учениците"[37]Учениците поголем дел од денот го минуваат во клупите и обврските спрема училиштето. Згора на тоа им наметнуваат обврски и надвор од училиштето (секции. курсеви...). Затоа остатокот од денот треба да знаат паметно и правилно да го искористат.

Рековме дека многу знаења предзнаења ученикот ги стекнува надвор од училишните клупи. Творештвото кај учениците се развива и надвор од круто поставеното образование. Онаа што детето ќе го научи во слободното време е трајно врежано. До такво сознание доаѓа сам по пат на искуство, интроспекција, анализа, ненамерно, спонтано, а не преку механичко повторување или наведувано решение. Загрижува податокот дека „само 3% од младите своето слободно време го користат за творештво"[38]. Младите поголемиот дел од слободното време го исполнуваат

---

[35] Костова М.,(1995).Оптовареноста на учениците,Скопје, Ворлдбук,стр2

[36] Slobodno vrijeme u funkciji socijalistićkog samoupravnog preobražaja odgoja i obrazovanja,Strućni i znanstveno istraživaćki radovi na šestom kolokviju.(1975). Dubrovnik.str240

[37] КостоваМ.,(1995),Оптовареноста на учениците,Скопје,Ворлдбук, стр14

[38] Slobodno vrijeme u funkciji socijalistićkog samoupravnog preobrazaja odgoja i obrazovanja,Strućni i znanstveno istraživaćki radovi na šestom kolokviju. (1975). Dubrovnik.str228

некреативно „слободно време исполнето со активности кои не бараат многу интелектуално напрегање".[39]

Сепак тоа не налага грубо смалување на бројот на часовите и наставните предмети. Без претходно ниво на образование и воспитание не е можно ни самообразование. Без најновите сознанија од науката, не е можно ни успешно вклучување во современите токови на живеење.

Реформите во образованието се неопходни, но тие задолжително треба да го опфатат и слободното време. Образованието во иднина ќе мора многу повеќе внимание да посветува на слободното време. Образованието и слободното време се во постојана интеракција. Учениците треба да учествуваат во креирањето на наставата, исто така и во креирањето на слободното време, особено на слободното време. Велам, особено, затоа што за слободното време имаат и поголем интерес и би требало да биде така, затоа што тука најдобро ја чувствуваат својата слобода, самостојност.

## 3.3 НАСОКИ И ТЕНДЕНЦИИ ВО СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Постигнување на идеални услови за организирање на слободното време значи да се постигне хармонија, оптималност на влијанијата на сите фактори што директно или индиректно влијаат на слободното време. Државата со подобрување на економскиот статус на граѓаните, може да го подобри и прошири изборот и начинот на минување на слободното време, преку образованието, кое се повеќе треба да се занимава со слободното време, да се подига свеста кај младите за слободното време. Исто така и

---

[39] Zimanji V.,(1983).Slobodno vreme industrijskih radnika u SAP Vojvodini.Subotica, Ekonomski fakultet.str181

некреативно „слободно време исполнето со активности кои не бараат многу интелектуално напрегање".[39]

Сепак тоа не налага грубо смалување на бројот на часовите и наставните предмети. Без претходно ниво на образование и воспитание не е можно ни самообразование. Без најновите сознанија од науката, не е можно ни успешно вклучување во современите токови на живеење.

Реформите во образованието се неопходни, но тие задолжително треба да го опфатат и слободното време. Образованието во иднина ќе мора многу повеќе внимание да посветува на слободното време. Образованието и слободното време се во постојана интеракција. Учениците треба да учествуваат во креирањето на наставата, исто така и во креирањето на слободното време, особено на слободното време. Велам, особено, затоа што за слободното време имаат и поголем интерес и би требало да биде така, затоа што тука најдобро ја чувствуваат својата слобода, самостојност.

## 3.3 НАСОКИ И ТЕНДЕНЦИИ ВО СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Постигнување на идеални услови за организирање на слободното време значи да се постигне хармонија, оптималност на влијанијата на сите фактори што директно или индиректно влијаат на слободното време. Државата со подобрување на економскиот статус на граѓаните, може да го подобри и прошири изборот и начинот на минување на слободното време, преку образованието, кое се повеќе треба да се занимава со слободното време, да се подига свеста кај младите за слободното време. Исто така и

[39] Zimanji.V.,(1983),Slobodno vreme industrijskih radnika u SAP Vojvodini,Subotica, Ekonomski fakultet,str181

директни влијанија со вложување во инфраструктура, пропаганда преку медиумите за здрав живот и навики за квалитетно минување на слободното време.

Со инвестирање во здравите навиките на граѓаните, се инвестира и во здравјето и расположението на нацијата, особено кај младите како идни носители на државата. Слични такви влијанија треба да постојат и во потесниот круг на семејството.

Насоките треба да одат во правец: младите повеќе да се насочени кон активниот одмор. Спортот и другите облици на креативно користење на слободното време го јачаат духот на човекот, а не безделничењето кое не не прави посилни во справувањето со секојдневните обврски и стрестни ситуации. Активниот одмор, претстојувањето на чист воздух, грижа за правилна и здрава исхрана, избегнување на претерано седење пред компјутерот и телевизорот, избегнување на пасивниот одмор и безделничењето, кои водат кон склоност на пороци и штетни навики по нашето здравје. Ова би требало да се главните насоки кои ќе го свртат нашето внимание и енергија.

Сето тоа е потребно да се направи со цел подигнување на интересот на младите за правилно користење на слободното време. Е.Кардељ: „Среќата на човекот не може да му ја донесе државата, ниту системот, ниту политичка партија. Среќата на човекот може да му ја донесе единствено самиот тој"[40] Човекот е одговорен самиот за себе, но треба да му се помогне во справувањето со глобалните опасности и предизвици. Во спротивно луѓето ќе ги препуштиме на масовната култура да ги води кон остварување на ирационалните цели.

---

[40] Според:Rosić V.,(1986),Domski odgoj,Pula,Istarska naklada,str13

# 4.МЛАДИТЕ ОД ГРАДСКИТЕ СРЕДИНИ И СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Нашите градови интензивно се населувани паралелно со развитокот на индустријата. Населението што ги замени селските средини за градските, требаше да ги смени навиките и начинот на живот за краток период. „Полесно е да се промени животната средина, отколку навиките"[41]

*„Едно семејство на село не практикува излет во природа од проста причина што живее во природа, но доколку истото семејство се пресели во град не смее да ги задржи истите навики, мора повеќе време да одделува за претстој надвор од својот дом и во природа", „Денешните домови на човекот, не се природно живеалиште на човекот, тука човекот го губи контактот со природата"*

Луѓето се населија во градовите здрави и орни за работа и успеси. Оваа енергија ја поседуваат, не благодарение на слободното време што го имале на село, туку здравата храна и активност. Со доаѓањето во градовите наеднаш стануваат физички понеактивни.

Слободното време не смее да биде еднолично и монотоно. Телевизорот, интернетот станаа неопходни, но колку се корисни толку понекогаш може да бидат и штетни, доколку не се користат правилно. Затоа во слободното време треба да се внесуваат новитети, што ја разбиваат секојдневната монотонија. Слободното време треба да претставува растеретување на човекот од брзиот и стресен начин на живеење.

Градските власти треба да имаат изготвено студии за слободното време на граѓаните, а особено младите кои ја сочинуваат најголемата популација на градовите (спротивно од

[41] Slobodno vrijeme u funkciji socijalistićkog samoupravnog preobražaja odgoja i obrazovanja,Stručni i znanstveno istraživaćki radovi na šestom kolokviju,(1975), Dubrovnik,str74-78

нашите села, кои претрпеа поголема штета од миграцијата). Со пружањето шанса за подобар живот во градовите, младите иднината би ја гледале во нивното место на живеење.

## 4.1. УРБАНИЗАЦИЈА, МИГРАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Со целиот респект кон урбанистите одговорни за нашите градови, ние како педагози должни сме да укажеме од педагошка и хуманистичка гледна точка, на пропустите и последиците кои ги носи забрзаната урбанизација, од аспект на здравјето и социјализацијата на граѓаните.

Наглиот пораст на населението во поголемите градови носи и скоковит развој на урбаните решенија за градовите. Се занемаруваат основните потреби на граѓаните од пешачки зони, паркови, простор за разонода, рекреација, спортување, излетнички места и сл. Сето тоа негативно се одразува на ритамот на живеењето во градовите, а индиректно и делува врз здравите навики за живот на луѓето. Згора на тоа да го спомeнеме и густиот сообраќај, кој немилосрдно га загадуваат воздухот што го дишеме, недостатокот од паркинзи се надоместува со тротоарите.

Излетничките места се неплански уредени, несредени и пристапот до нив не е идеален. Градските паркови се ретки, а и тие што ги имаме не се одржуваат. Декларативно сите урбанисти пред да стапат на таа функција се залагаат за одржување и обновување на зелениот фонд, но подоцна некои неоформени зелени површини се предвидуваат за градба. Можеби сето ова е последица на економскиот фактор и децениско занемарување на овие проблеми, можеби, сеуште не сме свесни за последиците. Градовите нудат содржини кои, се интересни, но збиени воглавно околу центарот, онаму каде е најфреквентно и еколошки најзагадено.

Од аспект на темата, не интересира просторот наменет за слободно време во затворени и отворени простории. Според Велибор Јербиќ: граѓаните на Загреб имаат повеќекратно помалку простор (спортски терени) изразено во м2, во споредба со граѓаните на главните градови од западно европските земји.[42]Според едно друго истражување младите повеќе зимскиот период го минуваат во своите домови, каде исто така живеат во помал станбен простор.[43] Градските деца зимното време го проведуваат во своите домови. Тоа доволно говори за лошите условите и слабиот избор на слободни активности во слободното време што им се нуди на младите.

„Како да им се помогне на градските деца од се поголемото отуѓување од природата"[44]. Лефевр: „Просторот претставува стока која се купува и продава на пазар".[45] Просторот во кој живееме не треба да го цениме повеќе од природата и не смееме да ја запоставуваме.

Финансиските средства се една од главните причини за уништувањето на духот на слободното време. Современиот начин на живот, трендот на живеење во светот кој сакаме да го достигнеме, незапирливиот раст на цените на светската берза, диктиран од растот на цените на енергенсите за кои потребата се повеќе се зголемува. Целиот тој тренд вештачки ги зголемува и цените на услугите во слободното време. На пример: користење

---

[42] Jerbić V.,(1973),Analiza funkcija slobodnog vrijemena djece i omladine, Centar za vanškolski odgoj, Zagreb,str28

[43] GazivodaP.,(1978),Slobodno vrijeme-udes ili šansa, Titograd,str107-115

[44] LešnikR.,Informativno-formirajuće djelatnosti u slobodnom vremenu mladih,Kultura mladih i slobodno vrijeme (strucni i znanstveno-istraživački radovi na petom kolokviju u Dubrovniku),(1975),Beograd,Centar za vanškolski odgoj saveza Naša djeca,str82-98

[45] Според:Ацески И.,(2007),Социологија,Скопје,филозофски факултет,стр371

на спортските терени, кои најчесто се комерцијализирани, што донекаде е оправдано поради потребата за нивно одржување.

Денеска граѓанинот има две опции:

-да бара дополнителна работа, да стекне каква таква финансиска спсобност но да нема доволно слободно време или

-да има слободно време но поради недостиг на средства да седи дома, најчесто пред малите екрани, каде медиумите преку својата 24 часовна машинерија создаваат илузија на задоволство, преку следење на животот на актерите и познатите личности.

Времето на виртуелната реалност може да речеме дека веќе започна. Не е доволно природните убавини да се гледаат преку тв. емисии, или помеѓу две емисии „intermezzo". Активноста која е неопходна за човекот се заменува со неактивност, дури на активностите се гледа како на оптеретување и на губење на време.

На тој начин се повеќе се отуѓуваат луѓето, комуникацијата се заменува со осаменост, иако сите живеат на мал простор ретки се оние што комуницираат меѓу себе. Од рурални и ретко населени средини доаѓаат во големите градови, а и самите забележуваат дека имат помалку комуникација со соседите од колку на село или приградска средина. „Патниците во градскиот автобус седат еден до друг на мал простор, но меѓусебно ништо не ги врзува, немаат ништо заедничко". Социјалната празнина со себе повлекува и психички растројства, дезорганизација.

На некои активности како на возење велосипед, утринска гимнастика, џогинг се гледа со потсмев. Како резултат на континуирана неактивност, наталожена во стресни услови за живот, резултира со нарушено здравје кај луѓето.

Ако се знае дека младите учат од постарите, ваква каква што е реалноста(денес), само ќе им всадиме погрешни, искривени вредности.

Колку луѓе заминаа во ризични подрачја за работа по цена на животот и здравјето, за какво слободно време зборуваме доколку тие работат 12x7, во подрачја ризични по живот само за поголема финансиска сигурност. Може ли тоа да го надополнат во животот? Може ли слободното време да се заштеди и потоа да се троши неограничено? Оние кои се залагаа за слободно време и скратено работно време, велеа дека тие не треба да се исклучуваат туку надополнуваат, интегрираат. Но тоа да биде во склоп на денот, (хемија на животот), а не за месеци или години.

Места предвидени за рекреација треба да се буквално насекаде околу нас, бидејќи слободното време и потрошувачкото општество се дел од секоја развиена земја. Слободното време мора да се вкомпонира и во урбанистичките решенија на градовите и институциите:

-во училишта

-во работни организации

-паркови, забавни паркови, спортски објекти

-во близина на градот

-во пошироката околина на градот

-во одмаралиштата

Сите овие објекти ги сретнуваме во отворени и затворени форми. Тие се наменети за сите годишни периоди независно од временските услови. Пристапот до таквите објекти треба да биде што поедноставен и полесен.

Површините за рекреација мора да се плански изведени и повремено да се одржуваат, да им се посветува внимание, за да не добијат негативна конотација и да го „задушуваат" градот.

Површините за рекреација треба да се движат пропорционално со зголемувањето на бројот на жители на градовите. Кога би ги споредиле градовите од Р.македонија, со различен број на жители, би се добиле шаренило од резултати, што значи дека површините за рекреација не се планираат

според урбанистичките прописи и дека повеќе зависи од желбата за инвестирање, финансиска исплатливост на инвестицијата исл.

Слободното време служи за надополнување на енергија, ослободување од стресс, но алармира начинот на кој го минуваме слободното време воглавно пасивно и во загаден воздух.

Ноќниот живот, исто така треба да им служи на младите, како добар вид на забава, дружење исл. Тој не би смеел да ја загрозува способноста за учење и рекреирање во наредниот ден.

## 4.2. ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ НА ЖИВОТОТ ВО ГРАДСКИТЕ СРЕДИНИ

Градскиот живот, особено се развива со развитокот на индустријата. Многу луѓе ги замениле руралните средини и заминале во градовите. Така тие со себе ги понеле и своите навики и обичаите од областите од кои се доселиле.(луѓето на село не одделуваат време за претстој во природа, но таа навика кога би дошле во градот неопходно е да ја променат).

Сепак навиките не се менуваат лесно, па така настанува неприлагодено малограѓанско однесување (да се види човек како трча наутро, вози велосипед, се занимава со спорт сметаат дека напразно си го губи времет). Заклучок: човекот, лошите навики полесно ги прифатил затоа што се полесни (полесно е да се држи далечински управувач од тв. приемник од колку да оди на прошетка на чист воздух), позитивните навики потешко ги прифаќа затоа што бараат напор и финансиски средства.

Градскиот живот нуди поволности во споредба со животот во руралните средини. Дали таа предност е доволна, да се постигне баланс на активности од кои човекот ќе излезе посилен, возвишен со поздрав разум? Дали таа предност е довоолна да се искористи за културно и творечко минување на слободното време и развој на човековите диспозиции? е знак прашање(?)

Зошто во една метропола од 500.000 жители, луѓето да се чувствуваат осамено и оутѓено. Депресијата е психичка појава карактеристична токму за градовите. Можеби токму овие појави произлегуваат од пренаселеноста на градовите, нерешливите проблеми со загадувањето, фреквентноста, вревата, гужвите во сообраќајот.

„Човекот се населил во колективните објекти и сега живее затворен во многу стеснет простор".[46]

„К.Маркс во свое време пишуваше за идиотизмот на селскиот живот. Не ли е дојдено време да се зборува истото за градското живеење? Нашите градови се градат, како да се во завера и борба против човекот".[47]

Сите овие проблеми, неможат да се решат преку ноќ, потребни се финансиски средства, време и желба. Човекот и понатаму ќе мора да живее во градовите. Но дали мора да се помири со судбината да живее баш на тој начин?

Сето тоа ги фрла во очај младите кои наместо да се посветат на иднината, прибегнуваат кон неприлагодено однесување како резултат на вишокот од слободно време кое е создадено бегајќи од обврските. На вистинските вредности се гледа со иронија, со потсмев, искривени сваќања: денот го менуваат за ноќта, безделничење, брза храна-наместо здрава исхрана, виртуелна реалност-наместо вистински живот, кичот, шундот исл.

---

[46] Jerbić V.,(1973).Analiza funkcija slobodnog vrijemena djece i omladine, Centar za vanškolski odgoj, Zagreb,str13

[47] KaranM.,Potrebe izmedju ljudske prirode i urbane stvarnosti,Društveno i prostorno kreiranje životne sredine i slobodno vrijeme mladih(stručni i naućno-istraživaćki radovi na sedmom jugoslovenskom kolokviju o slobodnom vremenu mladih u Dubrovniku),(1976),Zagreb, Centar za vanškolski odgoj saveza Naša djeca,str31-37

## 5. МЛАДИТЕ ОД СЕЛСКИТЕ СРЕДИНИ И СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Учениците сместени во ученичките домови во најголем број доаѓаат од селските средини. Тука исклучок прават ученичките домови во поголемите градски центри(Скопје,Битола,Охрид,Штип...).

Младите од село се разликува од оние деца во градските средини во поглед на навиките во учењето и минувањето на слободното време. Самите нивни гледишта на слободното време, укажуваат на одредени потценувања на користењето на слободното време и на слободното време воопшто.

Децата на село се повеќе оптеретени со работа и помагање во домот, така да понекогаш и немаат воопшто слободно време, ова осбено се однесува на летниот период. Додека зимно време имаат повеќе слободно време на располагање, кое поради недостаток од инфраструктура, се минува повеќе во затворени простории, можностите за спорт и култура се многу ограничени.

Истражувањата укажуваат на многу мала пристапност во спортот особено кај женската популација. Сето ова може да се промени со вложувања во инфраструктурни објекти. Тие објекти ќе бидат пред се наменети за младите, ќе ја променат свеста кај младите на село, најважно е тоа што постои интерес за слободно време кај младите на село.

### 5.1 КАРАКТЕРИСТИКИ НА СЕЛСКИОТ ЖИВОТ

Dr. Anna Olszewska го истражувала квалитетот на животот на село, со нагласеност дека тој се разликува од држава до држава, но во државите каде земјоделството е развиена гранка и животот на село е сличен.

Според Dr. Anna Olszewska, неколку услови го подобриле културниот животот на село:

-зголемување на бројот на луѓе што се вработени надвор од земјоделието
-подигнување на образовното ниво кај населението
-подостапни кино, театар, библиотеки
-пристап до медии тв., радио, весници
-желба да се достигне нивото на луѓето од градовите
-модернизација на средствата за обработка на земјоделските површини.[48]

Јас би додал: Селата не се исклучени од агендите на операторите на телекомуникационите мрежи, кабелските оператори, компјутеризацијата и интернетот. Се оди на покривање со сигнал на целата територија на државите, планетата. Тоа пак ќе го забрза развојот во селските средини. Патната инфраструктура се повеќе ќе се подобрува, така да квалитетот на комуникацијата и пристапноста на селата до градовите ќе се подобрува независно од местоположбата на селата (одалеченост село-град). „Селото се повеќе излегува од изолираноста и го намалува заостанувањето зад градот"[49]

Според Anna Olszewska постарите се категорично против слободното време (го сметаат за загубено време), средната генерација го одобрува но исто така го смета за опасно и доколку се претера може да им наштети на луѓето, додека

---

[48] Olsewska A.,Slobodno vrijeme i sudjelovanje seoske omladine u kulturi,Kultura mladih i slobodno vrijeme (stručni i znanstveno-istraživački radovi na petom kolokviju u Dubrovniku),(1975),Beograd,Centar za vančkolski odgoj saveza Nača djeca,str75-81

[49] VrabecM.,Radiofoniske,televizijske i filmske relacije u socijalizaciji mladih, Socijalizacija i drustveni oblici života mladih i slobodno vreme(četvrti kolokvij o slobodnom vremenu mladih),Šibenik,str36-49

помладите ги одобруваат и подржуваат повеќето облици на слободното време).[50]

Животот на село во однос на животот во градот е хендикепиран во областа на културата и спортот во слободното време. Причината е невозможноста да се организира живото како во градовите, непостоење на соодветни услови како во градовите.

Факт е дека селата доцнат во својот развој. Но исто така постои тенденција и желба за доближување и достигнување на стандардот во градовите. Самиот мотив за поголемо слободно време, поголема наобразба и културно издигнување може да ја одведе науката кон нови изуми во земјоделието кои дополнително би го олесналe селскиот живот.

Dr. Anna Olszewska смета дека младите од село повеќе време проведуваат надвор од своите домови, исто така, смета дека условите за живот во градовите се влошуваат, станбениот простор станува се поскап и потесен, воздухот во градовите е загаден. Тоа би значело дека селото ги поседува сите предуслови за квалитетно живеење(почист воздух, здрава храна). Тоа што доцни во развојот зад градовите е резултат на систематско запоставување и негрижа од страна на властите за инвестирање во селата. Без одредени места каде би можеле да го минуваат слободното време, без вреднување на земјоделието како главна индустриска гранка, без надеж дека состојбата со вработување би се подобрила, младите негледаат перспектива на животот на село.

---

[50] Olsewska A.,Slobodno vrijeme i sudjelovanje seoske omladine u kulturi,Kultura mladih i slobodno vrijeme (stručni i znanstveno-istraživački radovi na petom kolokviju u Dubrovniku),(1975),Beograd,Centar za vanškolski odgoj saveza Naša djeca,str75-81

## 5.2 ТЕНДЕНЦИИ ВО РАЗВОЈОТ НА ЖИВОТОТ НА СЕЛО

Ако некогаш селскиот живот се сметал за примитивен во однос на градскиот, тоа е поради лошата инфраструктура, недостапноста до јавниот превоз, до сервисите за комуникација и информирање, недостапно образование исл. Денеска можам со задоволство да констатирам дека постои тенденција за изедначување.

Денеска сите тие недостатоци реално се достижни, тоа особено доаѓа до израз со падот на индустриското производство и давање поголем значај на земјоделието. Децентрализацијата на буџетот би требало да овозможат побрз развој.

Модерниот живот се повеќе допира до младите на село, мобилната телефонија, интернетот, дигиталните и кабловските телевизии, патната инфраструктура се подобрува, јавниот превоз исто така. Нема повеќе пешачење до училиштата, времето поминато во патување се смалува, средствата што се издвојуваат за патување до училиште се субвенционираат.

Што се однесува до слободното време, се повеќе се појавува интерес кај младите на село, заслуга тука секако е и изградбата на спортски објекти и во помалите населби.

Предностите на младите во село преку здрава животна средина, чист воздух и здрава храна се и натаму голема предност, која се повеќе станува изразена.

Затоа сум оптимист во перспективата која ја имаат младите на село во однос на образование, здрав културен и спортски живот. Свеста и менталитетот кај младите на село постепено се менува, но илузорно е да се зборува за подобрување на културата на користењето на слободното време во селата, доколку не се подигне степеност на вработеноста и економскиот стандард, кој би ги задржал младите на село и би спречило изумирање на нашите села.

Згора на тоа селската средина е и помирна и растеретена од патолошко-деликвентните однесување на младите. Ваквата поволна клима во селските средини лежи во некои неформални начини на социјална контрола, кои не се зафатени со модерните трендови. „Во селото криминалитетот се сузбива уште во рана фаза на формирањето на личноста"[51] (295стр), затоа што има помал број и помалку „атрактивни" искушенија.

---

[51] Rot N.,(1972),Socijalna Psihologija,Beograd,izdavačko preduzeče Rad(str295)

# 6.ДОМСКА ПЕДАГОГИЈА КАКО ПЕДАГОШКА ДИСЦИПЛИНА И НЕЈЗИНАТА ФУНКЦИЈА

„Домската педагогија е млада педагошака дисциплина. Може да се каже дека подолго време педагозите обрнувале повеќе внимание на практичната воспитна работа со децата сместени во домови, а помалку научно се разработувала оваа проблематика.

Постојат повеќе видови домови:

-детски

-ученички

-младински

-студентски

Најчесто децата сместени во домовите ги посетуваат основните, средните, вишите школи и факултети, а останатиот дел од деновите го поминуваат во домот. Оттука може да се каже дека во извесна смисла домот претставува замена за семејството на децата и младите кои се школуваат надвор од местото на живеење"[52]. Ученичките домови го ублажуваат хендикепот на некои ученици да се школуваат во близина на местото на живеење. Со својата отвореност и пристапност за ученици од сите економски слоеви ги ублажат социјалните разлики.

„Треба да се нагласи дека проблемите со кои се бави домската педагогија не се само проблеми кои се исклучиво врзани за сместувањето, згрижувањето и исхраната на децата и младите. Тие денес претставуваат неразделен дел на системот на воспитанието и образованието"[53]. Ученичките домови во многу нешта се доближуваат до семејството и училиштето, но сепак не се ни едното ни другото.

[52] Баракоска А.,(2007),Педагогија,Скопје,Филозофски факултет,стр57

[53] Баракоска А.,(2007),Педагогија,Скопје,Филозофски факултет,стр57

„Оттука домската педагогија се бави со сите проблеми врзани за воспитната работа во услови на домско живеење. Во оваа смисла таа ги опфаќа проблемите на организациската поставеност на ученичките домови, учењето, забавата, управувањето и раководењето со домовите и слично. Таа ги проучува сите оние проблеми кои се врзани за целокупниот живот и работа во домовите"[54].

Потребата од ученички домови најчесто се сведувала првин на социјална природа (сместување и исхрана) на општествено и морално загрозените, а потоа воспитната функција. Втората од наведените денеска и се посветува многу поголемо внимание.

Намената на ученичките домови е да ги изедначат воспитно-образовните шанси и намалување на социјалните разлики. Во сверата на воспитувањето и образованието, ученичките домови во интерактивните врски дејствуваат повеќе системи кои се здружуваат во еден општествено работен систем, нивното единство се согледува во ориентираноста на општо општествените воспитни цели, на формирање на сестрано развиена млада личност. Со самото тоа што ученикот се наоѓа во ученички дом, тој треба да биде вклучен во решавање на низа проблемски ситуации, да се третира како субјект.

Целокупната организација на животот и работата на ученичките домови се заснова врз домско и ученичко управување. Воспитаниците имаат свое влијание преку домската заедница и формалните и неформалните групи организирани во рамки на воспитните групи. Воспитната и образовната функција на ученичките домови е нагласена и од поголемото ангажирање во домските содржини, како: библиотека, читална, културно-уметнички и спортски секции.

---

[54] Баракоска А.,(2007),Педагогија,Скопје,Филозофски факултет,стр57

*Ученичките домови имаат долга историја. Познато е уште од стара Грција, како децата на владарите оделе на школување кај познатите мислители(филозофи), па во средниот век манастирските училишта и универзитети. Постоеле различни имиња за ученичките домови како интернат, конвикт, алумнат. Овој начин на сместување на деца од побогатите класи се задржал и денес во некои држави како Англија (каде сметаат дека е подобро повеќе време децата да поминуваат во интернат, независно близината, живеалиште-училиште, повеќето од благороднички семејства). Тие училишта се и попрестижни за разлика од оние кои се наменети за посиромашните народни маси„scool for thools". Со создавањето задолжително образование, училишните домови станале и општествена потреба.*

Денес ученичките домови се неодвоив дел од целокупниот систем на воспитание и образование. Улогата на ученичките домови никако неможе да се минимизира, нивното значење го следи целокупниот развој на образованието. Во повоениот период во Македонија развојот на училишните домови варира и поминува низ неколку фази. Сите фази се поврзани со начинот на финансирањето и условите во ученичките домови. Самофинансирањето на домовите секогаш паѓало на терет на родителите на учениците и резултирало со намалување на интересот на учениците за домско сместување. Самофинансирањето се покажало доста лошо и во обезбедувањето на солидни услови за домување. Кога и да се случувало некоја реформа во која родителите би биле ослободени од финансирање на децата сместени во ученичките домови, секогаш нивниот развој бележел прогрес и отварање на нови ученички домови.

Основна функција на домовите е социјална. Меѓутоа во последно време се повеќе доминира воспитната функција. „Иако по својата дејност домовите ги задоволуваат социјалните потреби, подредени се на воспитните потреби на децата кои посетуваат

училиште"[55]. Во домот живеат млади луѓе кои се во фаза на развивање на телесните и умствените функции. Затоа во домовите треба да постои клима која ќе подржува правилен развиток на личноста, способности и позитивни човечки особини, во рамките на физичкото и здравственото воспитание, интелектуалниот развој на учениците, естетското воспитание, работното воспитание и општествено-корисен труд, граѓанско воспитание (според план и програма на МОН)..

Во домот мора да постои позитивна клима, доверба, разбирање, меѓусебно почитување, соработка, меѓусебно помагање, поддршка, поттик, позитивна атмосвера која го вклучува воспитаникот во сите свери на работењето на домот (од планирање до акција). На младите им е потребно чувство на сигурност, задоволство, пријателство, доверба затоа треба во домовите да владее клима која ќе биде блиска на семејната атмосвера, која ќе го надоместува одсуството на родителите за време на учебната година. Затоа довербата помеѓу воспитувачите и воспитаниците треба да е на високо ниво. Воспитувачот води евиденција, а не контрола на учениците. Воспитувачот е должен да соработува со родителите и училиштата, да дејствува согласно меѓусебните разбирања и договор што треба интерно да се воспостави.

## 6.1. СРЕДНОШКОЛСКИ УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ

Средношколските ученички домови во својот долг историски разој имале различна улога, која најчесто произлегувала од посебните интереси на државата, од одделни нејзини служби, верски заедници, стручни и политички организации и слично.

[55] RosićV.,(1986),Domski odgoj,Pula,Istarska naklada,str29

„Основна задача на секој дом за воспитување на децата е во согласност со нашите цели на воспитание, а специфичните задачи на установите, произлегуваат од специфичните причини, поради кои детето, или младинецот дошол во домот, како и специфични развојни можности и потреби на секој поединечен воспитаник.“ [56]

Денес средношколските ученички домови обезбедуваат пристоен живот и услови за нормален развој за еден дел од младината, за младите од подалечни краеви и послабо имотните. Без постоењето на средношколските ученички домови, целната група на млади луѓе не би можела да го стекне потребното, саканото и задолжителното образование. Ученичките домови се отворени за сите ученици, иако приоритет има целната група. Ученичкиот дом пружа и нуди услуга која е универзално погодна за сите ученици. Ученичкиот дом застапува приниципи на еднаквост, толеранција, демократичност, интеракција, активност исл.

Ученичкиот дом се грижи за напредокот во учењето на секој воспитаник, организира советување и пружа соодветна помош. Освен образованието за темата исто така значајно подрачје е културно и уметничкото воспитание, кое вклучува разновидни активности, од литературни, музички, ликовни активности до радио-телевизиски и филмски активности. Овие активности се организираат најчесто во секции зависно од интересите и афинитети на поединците, зависно од материјалните и кадровските можности на ученичкиот дом. Најважно од се е, лепезата на активности да е доволно широка и опфаќа повеќе свери од уметноста, културата и спортот. Битно е да се запази принципот на самоопределување, во кои возрасните ја преземаат улогата на ментор и советник, а во таа улога може да се

[56] Šimleša P.,(1973),Pedagogija,Zagreb,Pedagoško-književni zbor,str275-285

ангажираат културни, јавни и спортски соработници. Да се стимулира творештвото, научно-техничкото и работното воспитание. Ни здравствено-хигиенското подрачје не може да го издвоиме, тоа е составен дел од сите животни и работни процеси во домот.

Ученичкиот дом е отворена институција кон надвор и обратно. Таа соработува со стручни лица, специјализирани установи, воспитно-образовни работници, здравствени работници, организира посети поврзани со културата уметноста, творештвото исл.

На пр: УД„Професор Мијалковиќ" од Куманово со цел да оствари директна или индиректна стручна помош во образованието и воспитанието на воспитаниците, соработува со: педагошки и психолошки служби од училиштата во градот, соработка со училиштата по повод одбележување празници и јубилеи, соработка со други ученички домови од Р. Македонија преку учество на спортски натпревари (регионални и домијади) и патрони празници, соработка со стручни лица од областа на здравството, соработка со стручни лица од областа на спортот, соработка со црвениот крст, центарот за култура, театар, галерија, музеј на град Куманово, еколошко друштво „Липа", соработка со невладини организации, локална самоуправа идр.

## 6.2СЛОБОДНО ВРЕМЕ НА ВОСПИТАНИЦИТЕ ВО СРЕДНОШКОЛСКИТЕ УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ

*Домот и слободното време на младите*

Ако ја разгледаме дефиницијата за слободно време, време ослободено од обврски и ја согледаме во домска реалност тоа би било време надвор од задолжителното учење и другите задолжителни активности (куќен ред: одржување на хигиена во собите, задолжителни присуства на средби, состаноци исл). Тоа е време кое воспитаниците сосема слободно го користат за одмор,

рекреација, разонода исл, а притоа не повредувајќи ги правилата на однесување во домот со цел да се обезбеди поголема ефикасност за време на одморот, почитувајќи ги правата и обврските на другите воспитаници во домот. Кодексот на однесување во слободно време на воспитаниците, се базира на живот без строги обврски и забрани.

Ученичкиот дом е специфичен што се однесува до слободното време, па така во домот постои и полуслободно време. Тоа се некои видови на слободни активности кои сам ги избира воспитаникот, но потоа се обврзува да ги спроведува истите активности. Во такво полуслободно време треба да се внимава и да се избегне наметнување на избор. Платон „во душата не се задржува никакво наметнато знаење"[57]. Слободното време се карактеризира со доброволност, самоинцијатива, слобода во избор и слобода во времетраењето на активноста, додека кај полуслободното време, времетраењето се диригира, се евидентира, се анализира.

Во ученичките домови се застапени сите видови на слободното време физичка активност, културни активности и пасивен одмор (во размер: 1.5:2:1), односно активен и пасивен одмор(3.5:1) или вкупно 4.5часа слободно време во текот на еден ден. Двата видови на слободно време му се неопходни на воспитаникот секојдневно, како што е предвидено и во планот и програмата за работа во средношколските ученички домови.[58]

Во ученичките домови постојат три вида на слободно време: одморот, разонодата и развојот на личноста. Ови три

---

[57] Според:Костова М.,(1995),Оптовареноста на учениците,Скопје, Ворлдбук, стр4

[58] МОН-Педагошки завод на Македонија,(1999),План и програма за воспитно-образовната дејност во ученичките домови,Скопје

подрачја на програмирање на слободно време не се јасно разграничени и често се испреплетуваат.

-*Одморот* претставува спротивна состојба на заморот. Со помош на одморот организмот се враќа во состојба пред да настапи заморот. Одморот може да биде пасивен кој се карактеризира со скоро никаква активност и служи за да се обнови енергијата и да се одморат мускулите, се препорачува за физичките работници. Активниот одмор е карактеристичен за младите и треба повеќе да се практикува во ученичките домови. Тој се карактеризира со замена на претходната активност со нова која е дијаметрално спротивна на активноста која довела до појава на заморот. Доколку активноста е слична со претходната заморот нема да се отстрани, туку ќе доведе до уште поголемо напрегање и замор. Активниот одмор во голема мера придонесува и за дисциплината во ученичкиот дом.

-*Рекреација*-„Во потесна смисла ги опфаќа сите видови био-физички, моторички активности, од здравствена компензација преку незадолжителни игри до активности кои се приближуваат на натпреварувачкиот спорт"[59]

-*Релаксација* е некаква компензација помеѓу активниот одмор и пасивниот, каде активностите се сведени на минимум.

*Пасивниот одмор* не е беззначаен, без него ниедна единка не може да се одржи. Но сепак не е карактеристичен за учениците кај кои заморот дошол од еднолична активност, која се карактеризира повеќе со седечка положба и претежно пасивно учество во наставата. Впрочем и менталниот склоп кај младите

---

[59] BakiS.,Oblici aktivne rekreacije u sredini življenja i rada,Društveno i prostorno kreiranje životne sredine i slobodno vrijeme mladih(stručni i naucno-istraživački radovi na sedmom jugoslovenskom kolokviju o slobodnom vremenu mladih u Dubrovniku),(1976),Zagreb, Centar za vanškolski odgoj saveza Naša djeca,str74-78

луѓе е таков да тие побрзо се заситуваат со одредена активност и бараат постојани промени.

-*Разонода* е посебно интересна активност која служи за да ја врати ведрината кај личноста, таа е лишена од сите обележја на задолжителност и наметнување, а се карактеризира на голема доза на задоволство која ја оплеменува личноста, ослободува од стрес, фобии, тензии исл.

-*Развој на личност,* слободното време треба да ја содржи и оваа компонента. Да посетува библиотека, игра шах, да ја развива интелектуалната страна. Да ги следи општествените настани и случувања од светот, затоа што и самиот е општествено и социјално битие. Да избира активност според афинитетите што ги поседува, со можност за надградба и напредок.

*Ученички домови и активен одмор*

За разлика од учениците кои не се сместени во ученичките домови, овие ученици добиваат одредена помош во организирање на активниот одмор од институцијата во која се сместени. Активниот одмор домот е должен да го организира според програмата за работа во средношколските ученички домови. Тие се во предност, затоа што нивните активности се одмерени временски и според интензитет и според возраста, во зависност од работните обврски.

Еден од најважните фактори за развојот на потребите и интересите за активно спроведување на слободното време, секако е програмата за слободните ученички активности и слободното време во домовите.

За програмата за слободно време се поставуваат повеќе прашања: колкава е потребата од неа, како треба да биде формулирана, да биде флексибилна, детално разработена, дали треба и учениците да учествуваат во нејзино креирање, дали поголем интерес кај учениците ќе побуди ако однапред им се презентира или постепено се запознаваат со неа.

Практиката покажала, таму каде учениците имаат максимална можност да влијаат во организацијата и содржината на користењето на слободното време, имаат и најпогодни услови тие да ги развиваат и афирмираат своите потреби и интереси за творечки дејности и активности.

Преостанатото време, надвор од работно-професионалните, семејни обврски и животни потреби, време кое индивидуата го користи за одмор, рекреација и за културно духовна надградба се именува како слободно време.

На слободното време на учениците треба да им се посвети особено внимание бидејќи со неговото осмислување и активно реализирање се осмислува една важна компонента во организираното домско живеење.

Слободните активности на учениците се карактеризираат со: доброволност, анимираност, спонтаност, самоинцијативност, слобода при избор на активноста, слобода во определувањето на времетраењето на активноста и слично. Во зависност од интересите и афинитетите на воспитаниците, како и конкретните услови што ги поседува домот, можат да се организираат разновидни слободни активности:

1. ***активности со општи содржини***

*-Активност за заедничко запознавање со значењето, потребата и можностите за организирање на можни активности.*

*-Заедничко планирање и програмирање на работата на слободните активности*

*-Анализа на постигнатите резултати и мислења за подобрување на истите со конкретни предлози од страна на воспитаниците*

*-Презентирање на резултатите од слободните активности*

2. ***посебни програмски содржини***

*-Во зависност од посебните интереси, склоности и афинитети на воспитаниците, просторните и кадровските потенцијали на домот*

*можат да се организираат слободни активности од разни области: културно-уметнички, трудово-технички, производно-работни, спортско-рекреативни, еколошки и други. Несомнено дека некои воспитаници својата слободна активност ќе ја реализираат во и надвор од домот: во културно-уметнички друштва, спортски клубови итн. Со што, се разбира, се запознаени и нивните воспитувачи и родители. За секоја слободна активност во рамките на домот се изготвува годишен план кој ги содржи целите, задачите, содржините, формите, методите, организација на работата, како и времето и местото на реализацијата. Работата на секоја активност се планира во почетокот, а се реализира во континуите во текот на целата учебна година.* [60](стр 30)

Формите и методите на работа исто така имаат значаен удел во развојот на интересите за слободното време и слободните активности, пр: се користи современа опрема, презентации, изложби, културно-забавни вечери, уметнички средби, натпревари по знаења, домијади, работа со спортски групи, стимулирање на интересите преку наградување на најуспешните и најактивните.

## 6.3 УЛОГАТА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Добар воспитувач треба да биде добар педагог, психолог човек со организациони способности на високо ниво, кое ќе остави силен впечаток во очите на воспитаниците. Со што ќе го поттикне интересот кај нив пред се за оние активности кои ќе ги развиваат нивните способности на физички и интелектуален план, ќе ги развиваат нивните социјални чуства за припадност,

---

[60] МОН-Педагошки завод на Македонија,(1999),План и програма за воспитно-образовната дејност во ученичките домови,Скопје,стр30

хуманост, етика, соживот, екологија, љубов кон природата, кон татковината идр.

Ова работа воопшто не е лесна ако се има предвид различностите на поединците кои се сместени во ученичките домови. Учениците доаѓаат од различни средини со различни знаења и предзнаења, различни навики и способности. Некои поединци полесно се прилагодуваат на групата од другите. Сите тие различности воспитувачот е должен да ги почитува, а истите ги запознава преку директни контакти со воспитните групи.

Воспитувач=аниматор+коментатор+терапевт[61]

Воспитувачот во ученичкиот дом покрај другите улоги има и улога на родител. Тој треба да биде модел за идентификација, кој треба да биде прифатлив за воспитаниците. Човечен, толерантен, чесен, креативен, стрплив, принципиелен, доследен, објективен. „Тој не е непогрешлив. Но ако погреши треба да има доблест да ја признае грешката".[62]„демократ, конструктивен соговорник и советник, поттикнувач, иницијатор и креативец"[63]

Денеска воспитувачот се соочува и со проблем на преоптовареност на децата со учење, па така тој е во постојан конфликт помеѓу успехот што треба да го постигнат воспитаниците и слободното време што им е неопходно. Воспитувачот е свесен за обврските кон училиштето на воспитаниците и на секој начин гледа тоа да не го загрози. При тоа, да ги запознава воспитаниците со културниот и спортскиот живот (музика,ликовно,театарот,спортот). Организирање на излети, хигиена, естетика (уредување на ентериерот и екстериерот).

---

61 Rosić V.,(1986),Domski odgoj,Pula,Istarska naklada,str167

62 Rosić V.,(1986),Domski odgoj,Pula,Istarska naklada,str164

63 МОН-Педагошки завод на Македонија,(1999),План и програма за воспитно-образовната дејност во ученичките домови,Скопје,стр34

Организирање здрава исхрана и негување на здрави меѓучовечки односи кои се потребни за исполнување на работните обврски и квалитетно минување на слободното време.

Клучна е улогата на воспитувачот да го направи слободното време и слободните активности привлечни за секој ученик. Воспитувачот има посебна улога во развојот на слободните активности кај учениците. „Тој постојано треба да се залага (заедно со ученичкиот дом во целост) за создавање на што поповолни општествено-педагошки услови, во кои слободното време се повеќе ќе добива смислена и содржајна форма во процесот на сестраното формирање на учениковата личност" (Иван Петров-Евиденција и реализација на слободните активности во домот). Тој треба да е коректен, толерантен, прилагодлив, истраен во работата и свесен дека секој ученик е индивидуа сам за себе, а тоа тој не смее тоа да го поттиснува, игнорира.

Воспитувачот треба да е добро запознаен со физичките способности, здравствената состојба, афинитетите на воспитаниците. Воспитувачот треба да му помогне на ученикот да ги осознае афинитетите и интересите, што полесно да се пронајде себеси, да го отвара патот кон формирање на личност со самодоверба, знае да биде самокритичен и други особини.

Воспитувачот треба да е водич, а организацијата на активностите треба да ја сподели заедно со своите воспитаници. Таму каде учениците максимално учествуваат во организацијата и содржината имаат најпогодни услови да развиваат творечки креативни дејности и активности.

Поради сложеноста на организирање на активности во слободно време, воспитувачот не ретко има потреба да соработува и да побара стручна помош од стручни лица: аниматори, уметници, културни, спортски и други соработници. Презентери кои ќе ги презентираат најновите достигнувања во науката, на тој начин јакнејќи ја интелектуалноста кај

воспитаниците, естетското и граѓанското воспитание. Воспитувачот за таа цел е должен (според план и програма на МОН) да соработува со локалната средина, со тоа и воспитаниците ќе се чувствуваат како дел од таа средина, а не во изолација и надвор од случувањата.

Слободното време е наменето за учениците, но во тоа време учениците не смеат да бидат препуштени сами на себе. Потребен е постојан надзор од страна на воспитувачите, затоа што во пракса се покажало дека над 90% случаи на малолетничка деликвенција се случувале токму долж нивното слободно време.

Воспитувачот треба да е свесен дека со добро организирано слободно време, значително ја намалува опасноста од непредвидливи ситуации. На тој начин олеснувајќи си ја работата на себе и на домот како институција. За воспитаниците, тоа ќе значи поголема можност да се посветат на сопствените потреби, во добра и пријатна атмосвера и меѓучовечки односи. „Учениците сместени во ученичкиот дом, покажуваат подобри резултати од оние кои не се.."[64]

---

[64] Rosić V.,(1986),Domski odgoj,Pula,Istarska naklada,str40

## 7. СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ЗДРАВО ЖИВЕЕЊЕ

Секоја активност што човекот ја извршува, помалку или повеќе, предизвикува замореност. Целиот човечки живот е проследен со појава на замор и одмор. Замореноста на учениците настанува како резултат на обврски во учењето, извршување домашни задачи, воннаставни активности, недоволно движење(кондиција), недоволно време за одмор, помалку време за сон, стресни ситуации, неадекватни услови за учење, семејни конфликти исл.

Под влијание на овие фактори настанува *акутен* и *хроничен* замор. Заморот настанува од еднолична активност, од работа со послаб интензитет кој трае подолго време или од работа со јак интензитет која трае пократко време. Заморот се манифестира преку малаксалост, подочници, слаба концентрација, губење на телесна тежина, крвен притисок.

Воспитувачот треба да биде претпазлив и да може навреме да го препознае симптомите на заморот кај воспитаниците. Заморениот ученик не е во состојба да се сконцентрира на училишните обврски. Затоа, за успешно учење и совладување на наставното градиво, неопходно е да се организира и добра забава. Заморот може да се јави и како недостаток на некои витамини, минерали, анемија исл, поврзан со здравствената состојба на воспитаниците. Таквиот замор воспитувачот треба да е способен да го препознае и разликува од останатиот.

Одморот може да биде *активен* и *пасивен*. Секој поединец се определува за активност во зависнот од причините кои довеле до заморот. Во последно време активниот одмор повеќе се практикува, како посовремена форма која се наметнува како поадекватен избор во модерното време. За учениците секогаш поадекватен е активниот одмор. Активниот одмор се одликува со активност која треба да е дијаметрално спротивна со активноста

која довела до заморот. За одстранување на заморот кај учениците се препорачува: прошетки, излети, возење велосипед, пинг-понг, бадминтон, пливање, скијање, лизгање, гимнастика, трчање, спортски игри, кампување, логорување. Суштината на активниот одмор е да се одстрани заморот и да се смени положбата во кое се наоѓало телото (предолго седење, интелектуална работа, еднолична работа). Училиштето треба да обезбеди услови за активен одмор, а исто така треба да ги запознае учениците со потребата и карактеристиките на активниот одмор кој треба сами да си го организираат надвор од училиштето.

Милениумот во кој зачекоривме ни донесе нова информативна епоха. Науката го смени начинот на размислувањето на човекот. Му овозможи да разбере многу природни аксиоми, ама се уште не успеа да го убеди дека седечкиот начин на живеење му носи најголемо зло по неговото здравје. На мислечкиот човек, сознанието и работата му е основа и единствена алтернатива на неговото битствување. Но, Зарем не ви се чини дека во новото време треба да влеземе и физички здрави?

Но, како да се научи човекот да го негува здравјето додека е во добра кондиција? Затоа треба младите луѓе да осознаат што е добро за нив, а што не. Како да одржуваат баланс со времето, здравјето и природата.

Природата го создала човекот да биде здрав и среќен. Јагленот, нафтата, електричната и атомската енергија ја заменија енергијата од човековите мускули. Современиот начин на живеење многу му го олесни животот, но и многу му одзема.

Подобрениот избор на исхрана во квантитет и квалитет комбиниран со намалена активност, помало физичко оптоварување, водат до зголемена маса на телото. Поголемо оптоварување на кардиоваскуларниот систем. Дебелината пак е болест која влијае

на здравјето и смртноста кај човекот. Особено од кардиоваскуларниот систем.

Зголемената физичка активност влијае врз самоконтролата, самосвеста, самодовербата и чуството за здравје на организмот. Сето тоа е последица на фактот, што човекот сам по своја волја и заради самиот себе одлучува да се занимава со спорт и одредени други физички активности кои се подеднакво добри како и спортот.

Филип Тисо„движењето може да го замени секое лекарство, но сите лекови заедно неможат да го заменат движењето".

Од трчањето, спортувањето, одењето, диетите не треба да се срамиме доволна е решителност и поинакво гледање и однос кон околината.

Денеска сеуште може да се најдат реони во светот каде животот на луѓето се поврзани со секојдневна физичка активност, трчање и слично и каде срцеви заболувања, инфаркт и мозочни удари скоро да не постојат. Сето тоа нормално е поврзано и со здрава исхрана и чист воздух. Затоа што без водух, вода и исхрана човекот не може да живее.

Денес физичката култура претставува суштинска секојдневна потреба на луѓето. Таа ја подигнува биолошката и здравствената способност кај луѓето, ја јакне нивната работна способност, помага во нивното културно изградување, благосостојбата и задоволството кај луѓето. Физичката култура го подобрува здравјето и ги подига одбрамбените способности на човековиот организам. Физичката култура со своите општествени и здравствени аспекти се експонира како дел од работата, слободното време, рехабилитацијата, туризмот. Преку активностите човекот ги истакнува своите естетски, етички, социјални, воспитни и други културни вредности.

Целите на физичкото воспитание се во функција на развивање навики за секојдневно вежбање, развивање и

усовршување на кондиционите способности и повеќе практикување активен одмор.

,,Многу подобро би било да имаме 10 000 натпреварувачи одколку 10 000 гледачи во спортските арени"(Џое Ендерсон)

АКТИВЕН ОДМОР За да можеме да го дефинираме активниот одмор, потребно е да го дефинираме слободното време. Поаѓајќи од современата, специфична консталација на општествено-економските односи, брзата индустријализација и урбанизација, големата миграција на население село-град, сеуште ниското кфалификационо и образовно ниво на работничката класа, недостигот на традиционалната индустриска култура, недоволно развиена општествена свест, создаваат проблеми за организирање на слободното време каде улогата на активностите од физичката култура се јавуваат како против тежа на се онаа што современите услови на живеење му го одзеле и му го одземаат на човекот.

*Постои позитивно и негативно користење на слободното време*

ПОЗИТИВНО користење на слободното време, најчесто се поврзува со активна, пасивна и творечка рекреација, при што активната и пасивна рекреација чинат одредено заедништво. Активното користење, гледано низ аспект на здравјето на човекот, многу е позначајно од пасивното. Активниот одмор на човекот му овозможува да реализира низ одредени разновидни активности со рекомпензаторен карактер од областа на спортската рекреација и физичката култура воопшто. Важно е преку активното слободно време да се настојува бројот на активностите да се наголемуваат, а опфатот на луѓе во нив да е се поголем. Карактерот на активниот одмор го определува обемот и карактерот на работните обврски.

НЕГАТИВНОТО користење на слободното време, најчесто се поврзува со неприлагодено однесување, непочитување на норми, правила и сл. Но исто така негативното користење на слободното

време се врзува и со пасивноста кај луѓето, некреативност, безидејност, безцелност. Претераната пасивност доведува до деградација на личноста.

## 7.1 СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ И КРЕАТИВНОСТА

Отсекогаш постоеле расправии околу тоа дали децата учат за време на слободните активности. Денес се расправа само, Колку учат?, но факт е дека тоа што ќе го научат ќе биде потрајно врежано во меморијата. Таканаречено учење по пат на искуство за кое се залагаше и Џон Дјуи. Напредокот ќе биде поголем доколку за активноста во слободното време индивидуата се определила по сопствена желба.

Учењето е неопходно за луѓето, поранешното учење до диплома сега е заменето со учење низ целиот живот. Креативноста и творештвото се повеќе поврзани со слободното време, отколку со училиштата. Затоа што сеуште во нашите училишта дисциплината е на прво место, пред способноста и творештвото.

Дали самото учење е доволно за човекот. НЕ. Затоа што учењето не го прави човекот само по себе подобар човек, туку тоа оспособува за живот, за добри дела. Поточно оспособува за работа, но и за слободно време, за правилно и здраво користење на слободното време што подразбира грижа за своето здравје, креативност, естетика, морално однесување, правдата, почитување на правата и личноста на другите, љубовта кон природата исл.

Слободното време допринесува за еманципација и социјализација од него може да се научи и извлече поука. Поточно слободните активности во слободното време идеално се надополнуваат со училишното усвојување на знаења така да некои знаења и искуства што се стекнуваат во слободното

време не може да се стекнат од книга, во тоа е и силата и вредноста на слободното време. Многу научници исклучителна важност му даваат на учењето низ игра особено во детството.

Нативизмот не игра голема улога во избирањето на активноста во слободното време. Доказ: Многу таленти останале во сенка, бидејќи биле повлечени од средината, друштвото или погрешно биле насочувани од воспитувачите, семејството.

Воспитанието се одвива не само преку одредени институции, тоа може да се стекнува и надвор од нив со секоја активност. Слободното време може да врши и позитивно и негативно влијание. Негативните влијанија треба да се откриваат и спречат.

Ако слободното време е време ослободено од работа, тогаш за ученикот тоа е време ослободено од училиште и училишните обврски. Слободното време се одликува со активности кои ученикот слободно ги одредува. Слободното време може да го минуваат: масовно, групно и индивидуално. Во слободното време човекот се чувствува слободен, има чувство на самоприпадност, владее над ситуацијата. Тоа е време во кое поединецот може да живее во склад со својата индивидуална природа, каде може да се афирмира и развива особини. Тоа е времето во кое може да го открие својот талент, способности, афинитети.

За правилно користење на слободно време битни се два предуслови:

-изградба на места каде може да се поминува слободното време

-да се оспособи човекот за правилно културно и спортско користење на слободното време.

Во слободното време треба да бидат запазени некои основни начела: индивидуалност, разновидност, организираност, аматеризам, прилагоденост.

## 7.2 ЗДРАВАТА ИСХРАНА И СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

ЗДРАВЈЕТО од секогаш било центар на човековото внимание. Тоа е разбирливо, затоа што без здравје нема никаква активност. „Според дефиницијата на СЗО здравјето денес не се дефинира како отсуство на болест туку, позитивно како состојба на најголема био-психо-социјална-културна урамнотеженост. Здравственото воспитание своето тежиште го става на превентивата, а помалку на терапијата, односно со здравствената едукација се настојува да му се помогне на човекот сам да се грижи за одржување и подобрување на сопственото здравје".[65]

Се разбира не е само знањето пресудно, не е доволно да се знае како да се живее, туку и да се сака тоа знаење да се примени во секојдневниот живот. Според тоа знаењето ќе биде потполно ако доживее практична примена, што е цел на интелектуалното воспитание.

Физичките вежби сами по себе автоматски не значат и подобро здравје. Грижата за сопственото здравје е покомплексно. Тука клучна улога играат и исхраната, здравата околина на живеење, работа, наследниот фактор. Болестите поврзани со начинот на исхрана се зголемуваат. На повеќето од нив човекот може директно да влијае, ако е добро едуциран и мотивиран. Затоа учениците, поединците треба да превземат поголема одговорност за сопственото здравје. Затоа што, последниот збор секогаш го имаат тие самите. Сите настојувања за поздрав живот на родителите, училиштата може да се залудни ако свеста кај нив е на ниско ниво. Затоа е потребно влијание од сите компатибилни фактори и заедничко делување на сите заинтересирани страни во воспитанието, родителите, воспитувачите,

---

[65] Бараковска А.,(2003),Педагогија на слободното време, Скопје,стр84

државата. Целта е поздрав живот на граѓаните и стекнување здрави навики кај младите, активно вклучување во модерните текови на општеството, промена на свеста кај идните генерации, да се вреднуваат себеси и сопствените потреби. Конечно младите да излезат од состојба на зачмаеност, незаинтересираност, идиличност и апатија.

## 7.3 СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Зошто слободното време би требало да е во функција на заштитата на животната средина? Зато што без чиста животна средина нема ни можност за реализирање на слободно време.

Колку што еден автомобил ќе согори кислород на релација Скопје-Белград толку на еден човек му е потребен кислород за цел живот.

Ако слободното време е резултат на развитокот на индустријата, тогаш и загадувањето на животната средина е резултат од развивањето на индустријата. Правилно насочување на користењето на слободното време, оди во прилог на заштитата на животната средина. Младите во слободно време би требало да бидат насочени кон здравите стилови на живеење, заштита на зелените површини, рециклажата исл. Да се промени свеста кај младите дека планетата земја е дом за сите луѓе, да се подигне чувството на колективна одговорност, зошто немаме резервна планета. Станувајќи еколошки посвесни, е добро за нивната иднина и иднината на планетата воопшто.

Како што може слободното време да се минува креативно и да се минимизираат штетните влијанија, може да се зачува и природата ако се свати дека во неа треба да се ужива и без претерано искористување на енергетските капацитети, возилата може да се заменат со велосипеди барем во слободното време. Природата нуди убавини кои може да ги препознаеме и во

најситните нешта во неа. Природата има само едно барање од нас: „Секогаш да ја оставаме онаква каква што ја затекнавме".

Свеста за екологијата мора првин да се подигне кај обичните граѓани, па потоа да се влијае кај владите и индустријалците кои сакаат да ги сокријата штетните последици врз природата. Иако, сите тие заедно се свесни за природните катастрофи и последиците од загадувањето по здравјето на луѓето, но не сакаат тоа да го согледаат, стравувајќи за нивната финансиска моќ.

Подигање на еколошката свест со цел заштита на водите, почвата и воздухот. Човекот претставува биолошка единка која не живее изолирано од природата. Човекот е дел од природата, како таков има одговорност за нејзиното зачувување, како и за колективното здравје на луѓето. Здравите навики кај човекот во никој случај неможе да се поврзат со загадувањето.

# 8. СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ: ОПАСНОСТИТЕ И НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ОД ЛОШОТО МЕНАЏИРАЊЕ

Слободното време, во себе, крие и негативност. Негативностите се секогаш потенцијални и влечат корени уште од самата појава на слободното време. Но никогаш не биле изразени како денес. Младите се бомбардирани со штетни влијанија од mass медиумите или „машини за перење на мозокот" .Денес „главно прашање е: Како да се исполни слободното време"[66](стр287), „Некогаш војната са водела за квантитетот, а денес се води за квалитетот на слободното време"[67](стр287)

Пасивизмот (spectatoris) и некреативноста (шунд и кич), компетитивноста, рекламите и модата, излегоа на површина. За тоа сведочат и „планетарните опасности" како дрога, алкохол, хазардни игри, спортот станува екстремен. Човекот постојано живее на работ, станува зависник од адреналин (adrenalin junky).

Слободното време понекогаш може да биде опасно како „нуклеарна војна"[68](стр66).

Потенцијалните опасности од слободното време треба да се држат под контрола, за да не станат реална опасност. Позитивностите треба да се трудиме да доминираат, во однос на негативностите, барем кога не е возможно целосно искоренување на истите.

---

[66] Šimleša P.,(1973),Pedagogija,Zagreb,Pedagoško-književni zbor,str287

[67] Šimleša P.,(1973),Pedagogija,Zagreb, Pedagoško-književni zbor,str287

[68] ГазиводаП.,(1978),Слободно вријеме-удес или шанса, Титоград,стр66

## 8.1 НЕГАТИВНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Малолетните лица од возрасните се разликуваат по степенот на интелектуална и емоционална зрелост, развиената свест за своите постапки како и одговорноста за истите. Сето тоа укажува дека малолетните лица се помалку одговорни социјално и морално.

Овие околности пружаат идеални можности и предуслови за да се делува на воспитанието, образованието кај малолетните лица, усвојување на културни, морални и етички вредности и навики. Овој период е одличен за равивање на позитивни особини, идеален за градење на личност со стабилен и цврст карактер, лесно прифаќа се што е позитивно во врска со културата, социјализацијата и сите форми на воспитание.

Меѓутоа, овој период за жал малолетните лица се подложни и на негативни влијанија, на кои постојано се изложени од сите страни. Постои можност и негативностите лесно да ги прифатат, токму поради недоизградената личност која е во фаза на разој и учење, и неможноста да ги препознае вистинските и трајните вредности.

Асоцијалното и антисоцијалното однесување кај лицата што се во фаза на развој не е само груба слика за нив и за општеството, туку и најчесто се штетни по нивното здравје, како физичко, така и ментално. На прв поглед тие не се разликуваат од нивните врсници, се разликуваат по начинот на однесување, начинот на кој зборуваат, пушат цигари, конзумираат алкохол(„25%од младите имаат позитивен став кон алкохолот")[69], хазардни игри и сл.

---

[69] Стаменкова-ТрајковаВ.,(1993),Семејството и ставовите на младите спрема алкохолот и алкохолизмот,Скопје,Просветно дело,бр4, стр62-76

Малолетничката деликвенција е сериозен проблем за општеството. Малолетничка деликвенција подразбира постапки на малолетните, за кои возрасните би биле казнети со закон. На тој начин дел свесно, а дел не, некои деликвентни однесувања стануваат привлечни за малолетниците. Човекот од секогаш се интересирал за криминалот, крими филмовите, црна хроника во весниците. Таквата радозналост е во самиот човек, од внатре. Бекер се прашува „дали само девијантните луѓе имаат желба за девијантен чин? не. Сите понекогаш помислиле да ги прекршат општествените норми"[70]

Малолетничката деликвенција може да ја препишеме на состојбата во државата, средината, дисфункционалните семејства, околината, но факт е дека таа е сериозен проблем на секое демократско општество и за нејзино искоренување потребни се координирани делувања на сите институции. Ова воопшто не е лесно ако се земе предвид дека постојат повеќе теории кои даваат предност на различни причини кои довеле до несоодветно однесување. Затоа пред се можеби најважно е да се утдрдат причините кои довеле до такво однесување на младите. „Потребно е негативните влијанија да се откријат, да се откријат нивните извори, а потоа да се отстранат"[71]

Современиот начин на живеење нуди безброј интересни работи кои се поврзани со долготрајно седење пред телевизорот и компјутерот, кои се надоврзуваат на намалените физички активности во училиштето. Затоа треба да се внимава и да се контролираат активностите на детето, да не се претера со интернетот и телевизијата, терминате за зависноти од нив настанале како на шега но денеска работава станува се

---

[70] Ацески И.,(2007),Социологија,Скопје,филозофски факултет,стр327

[71] Šimleša P.,(1973),Pedagogija,Zagreb,Pedagoško-književni zbor,str285

посериозна и многу стручњаци и научници се занимаваат со последиците и неурозите предизвикани од некористење или претерано користење на истите. Срамежливите и повлечените полесно стануваат зависници од интернет и телевизија, поради привидната сигурност која им ја нудат. Телевизијата и интернетот се број 1 забава за младите.

ПАСИВНИОТ ОДМОР, исто така, може да го растерети ученикот ако тоа е следење на некој спортски натпревар, кино, театар исл. Безделничењето, излежувањето не се препорачливи за учениците, тие може да се корисни само кај работниците со тешка физичка работа, каде е неопходен одмор на мускулите од физички замор после напорна работа.

Некогаш можеби не требало толку алармантно да се зборува за телесно вежбање, во услови кога населението се занимавало претежно со земјоделство. Но во денешни современи услови на живеење, индустријализација и урбанизација, технизацијата и автоматизација, примена на современа техника и технологија, неминовно е да се постави прашањето за телесно вежбање.

Во светот на техниката луѓето се затвораат во своите коли, станови, зградите имаат лифтови, кујните се опремени со апарати за припремање на брза храна која и онака фабрички се произведува, потребно е само затоплување. Слободното време го поминуваат пред тв. екраните и компјутерите. На тој начин социјализацијата изостанува или барем го менува својот тек и облик.

Градовите веќе го пробија лимитот на оптимална населеност, огромна популација живее на мал простор во стамбени блокови, а сепак комуникацијата помеѓу нив оди отежнато, се јавува недоверба кон луѓето, алиенација(отуѓување на човек со човек). Со технолошките пронајдоци човекот самиот ја загадува околината и воздухот ја менува структурата на почвата,

и водата што негативно влијае на неговото здравје. Уживањето во нашите традиционални јадења(специјалитети), кои по правило се презачинети и презаситени со холестерол, само може да ни донесат епитет на „најдебела нација во светот".

Учениците не се премногу оптоварени со физички активности, истото важи и за повозрасните кои на работното место имаат обврска да ги вклучуваат и исклучуваат машините. Интересот за физичка активност, телесно вежбање и спортот воопшто треба да биде заеднички за сите, омасовен, сенародски за доброто на секој граѓанин и заедницата.

Навиките треба да се создадат пред се кај младите, се разбира ако младите учат од постарите потребно е и тие да се активни, да не се толку егоистични и егоцентрични ако не за самите себе тогаш за идните нивни поколенија, за поздрава нација, попросперитетна и поефикасна држава.

## II.МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

### 1.Предмет на истражување

Предмет на ова истражување е организацијата и реализацијата на активностите во слободното време, во средношколските ученички домови според предвидениот план и програма.

### 2.Цел и карактер на истражувањето

Основна цел на оваа истражување е да се испита начинот на поминување на слободното време на воспитаниците во средношколските ученички домови.

### 3.Задачи на истражување

Со оглед на поставената цел на истражување ги определуваме следниве задачи:

1. Да се испита мислењето и ставовите на воспитаниците за условите во кои го реализираат и организираат слободното време;
2. Да се испита мислењето и ставовите на воспитувачите за условите во кои го реализираат и организираат слободното време воспитаниците;
3. Да се испита начинот на кој го реализираат и организираат слободното време воспитаниците;
4. Да се испита колкава е одговорноста на воспитувачите во слободните активности;
5. Да се испита за кои слободни активности воспитаниците покажуваат поголем интерес;
6. Да се утврди дали постои значајна разлика помеѓу воспитаниците и воспитувачите во поглед на мислењето

за обемот на слободното време со кое располагаат воспитаниците;

7. Да се утврди дали полот значително може да влијае врз изборот на активности во слободно време;
8. Да се испита дали успехот влијае врз изборот на активности во слободно време;
9. Да се утврди дали постои статистички значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците (спорт;пасивна активност-тв.,интернет) и должината на слободното време;
10. Да се утврди дали постои статистички значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците (спорт;пасивна активност-тв.,интернет) и задоволството со поминатото слободно време;
11. Да се утврди дали постои статистички значајна разлика помеѓу слободата на избор на активност во слободното време и видот на активноста на воспитаниците (спорт;пасивна активност-тв.,интернет).

## 4. Хипотези

Во врска со целта и задачите на истражувањето поставени се следниве хипотези:

1. Постои интерес кај воспитаниците за слободните активности;
2. Постои разновидност во изборот на слободните активности во средношколските ученички домови;
3. Воспитувачите и воспитаниците сметаат дека условите за реализација на слободните активности, во средношколските ученички домови се задоволителни;
4. Воспитаниците имаат позитивни ставови по однос на потребата од организирано поминување на слободното време во средношколските ученички домови;

5. Не постои статистички значајна разлика помеѓу воспитаниците и воспитувачите во поглед на мислењето за обемот на слободното време со кое располагаат воспитаниците;
6. Не постои статистички значајна разлика по однос на полот во изборот на слободните активности (активно и пасивно поминато слбодно време);
7. Не постои статистички значајна разлика по однос на ставовите на воспитаниците и воспитувачите и квалитетот на слободното време во средношколските ученички домови;
8. Не постои статистички значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците во слободното време(спортска активност-пасивна активност:тв.,интернет) и задоволството од поминатото слободно време;
9. Не постои статистички значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците во слободното време (спортска активност-пасивна активност:тв.,интернет) и должината на слободното време;
10. Не постои статистички значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците во слободното време(спортска активност-пасивна активност:тв.,интернет) и слободата во изборот на активности во слободното време.

5.Варијабли на истражувањето

| Хипотези | Зависна варијабла | Независна варијабла |
|---|---|---|
| Хипотеза 5 | Мислењето за обемот на слободното време на воспитаниците | Воспитаници и воспитувачи |
| Хипотеза 6 | Вид на активност | Пол |
| Хипотеза 7 | Оцена на слободното време | Воспитаници и воспитувачи |
| Хипотеза 8 | Колку сте задоволни од поминатото слободно време? | Вид на активност |
| Хипотеза 9 | Дали слободното време ви беше доволно? | Вид на активност |
| Хипотеза 10 | Вид на активност | Дали воспитаниците слободно ја избрале активноста? |

6.Методи, техники и инструменти на истражувањето

-Дескриптивноекспликативна метода, метод на теоретска анализа

-техники:анкетирање, анализа на документација

-инструменти: прашалник за воспитувачи, прашалник за воспитаници, ученички дневник-на активности во слободното време на воспитаниците

## 7.Популација и примерок

Едноставен случаен примерок. Ученици(100) и воспитувачи (18) од три ученички домови: УД„Професор Мијалковиќ" од Куманово, УД„Здравко Цветковски" од Скопје, УД„Лазар Лазаревски" од Велес. Примерокот е репрезентативен затоа што вклучува воспитаници од средношколски ученички домови од главниот град и од внатрешноста. Примерокот содржи ученички домови со различни капацитети (голем, среден и помал) и е со рамномерна застапеност според пол и успех.

## 8.Статистичка обработка на податоци

Дескриптивна статистика: табелирање, графичко прикажување со помош на столбови, пресметување на фреквенција со процент, аритметичка средина, мод, медијана идр. Инференцијална статистика: хи-квадрат тест, t-тест.

## 9.Организација и тек на истражувањето

Истражувањето се реализира во три ученичк

Анкетите (анонимни, јасни и недвосмислени) со упатство за пополнување беа поделени на воспитаниците и воспитувачите.

Откако анкетите беа пополнети се пристапи кон нивна обработка и анализа.

# III АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТАЖУВАЊЕТО

За целите на ова истражување извршена е статистичка обработка на податоците собрани од трите инструменти на истражување:

Анкетен лист за воспитувачи (прилог2 во Анексот):

Вкупно: 18 воспитувачи

**Табела1** **структура на примерокот воспитувачи според возраст**

| Возраст | Фрекфенции |
|---|---|
| Од 30 до 39год | 5 |
| Од 40 до 49год | 4 |
| Од 50 д0 59год | 2 |
| Над 60год | 7 |
| Вкупно | 18 |

Анкетен лист за воспитаници (прилог1 во Анексот):

Вкупно: 100 воспитаници

**Табела2** **структура на примерокот воспитаници според пол**

| Пол | Фрекфенции | Процент |
|---|---|---|
| Машки | 55 | 55.0 |
| Женски | 45 | 45.0 |
| Вкупно | 100 | 100.0 |

**Табела3** **структура на примерокот воспитаници според возраст**

| Возраст | Фрекфенции | Процент |
|---|---|---|
| 14 | 1 | 1.0 |
| 15 | 27 | 27.0 |
| 16 | 35 | 35.0 |
| 17 | 25 | 25.0 |
| 18 | 11 | 11.0 |
| 19 | 1 | 1.0 |
| Вкупно | 100 | 100.0 |

Табела4 структура на примерокот воспитаници според успех

| Среден успех | Фрекфенции | Процент |
|---|---|---|
| 2 | 5 | 5.0 |
| 3 | 19 | 19.0 |
| 4 | 34 | 34.0 |
| 5 | 42 | 42.0 |
| Вкупно | 100 | 100.0 |

Воспитаниците водеа и дневник на активности во слободно време(прилог3 во Анексот) во временски период од десет (последователни т.е. работни и неработни) дена.

Табела5 структура на примерокот воспитаници според учебна година

| Учебна година | Фреквенции | Процент |
|---|---|---|
| Прва година | 358 | 35.9 |
| Втора година | 339 | 34.0 |
| Трета година | 210 | 21.1 |
| Четврта година | 80 | 8.0 |
| Вкупно | 987 | 99.0 |
| Недостауваат | 10 | 1.0 |
| Вкупно | 997 | 100.0 |

Секој прашалник беше соодветно обработен и податоците беа внесени во база на потаоци. За таа цел се користеше програмскиот пакет SPSS .

Резултатите од анализата се поделени во два дела: квантитативната анализа и квалитативна анализа која преку хипотези тестира дали постои статистички значајна разлика помеѓу одредени варијабли.

# 1.КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ

*Напомена:Ефект врз резултатите на истражувањето на интересите за слободното време во средношколските ученички домови може да биде под влијание на тоа што многу секции, тренинзи се организираат истовремено и од страната на училиштето, надвор од домовите (во градот), моментумот (второ полугодие) кога се води борба за повисоки оценки, повеќе училишни обврски, некои позначајни манифестации како домијади се во завршна фаза така да некои средношколски ученички домови може да биле елиминирани во раната фаза од натпреварувањето. Посетите на поважните културни настани (театар, концерт, кино) бараат вложување на финансиски средства што може да биде проблем кај дел од воспитаниците. Водењето на дневник од 10 дена, може за некого да било пренапорно и покрај тоа што анкетирањето беше на доброволна база.*

## 1.1 Интерес кај воспитаниците за слободното време

Интересот за реализација на било каква активност во слободното време е од клучно значење за успешноста и правилноста во организирањето на истата.

**Табела6 интерес за слободно време на воспитаниците според воспитувачите**

| Интерес | Фрекфенција |
|---|---|
| 1 | 1 |
| 2 | 10 |
| 4 | 7 |
| Вкупно | 18 |

Воспитувачите не се многу уверени во интересот на воспитаниците за слободните активности и слободното време. Резултатите од скала на интерес за слободното време на воспитаниците покажуваат повеќе централна тенденција. табела6. Ваквиот резултат може да се должи на желбата на воспитувачите за поголем интерес за слободно време на воспитаниците, делумно разидување на ставовите кај воспитувачите и воспитаниците или реална слика за интересите на воспитаниците за слободното време.

Табела 7 слободното време е омилениот дел од денот кај воспитаниците и не би ги замениле со учење или некоја непланирана обврска

| Сл.време не би го менувале за обврски | Фрекфенции | Процент |
|---|---|---|
| Да | 71 | 71.0 |
| Не | 29 | 29.0 |
| Вкупно | 100 | 100.0 |

Слободното време на 71 % воспитаници им е омилен дел од денот. табелата7 Причините за ваквиот висок процент може да лежи во: добрата организираност на слободното време во средношколските ученички домови, во доволно широкиот избор на активности во слободното време идр. Сепак 29% воспитаници кои не се изјасниле за слободното време како омилен дел од денот, потсетуваат дека сите услови не се совршени и дека постојат елементи на досада, стрес, преоптовареност со учење.

Средношколските ученички домови се отворена институција, која не го попречува индивидуалниот развој. Тоа може да се види од (табелите8 и 9) каде 43% од воспитаниците слободното време го користат за посетување на некој тренинг, курс исл. надвор од ученичкиот дом.

Табела8 дали посетувате одредени тренинзи, курсеви надвор од ученичкиот дом

| Одговориле | Фрекфенции | Процент |
|---|---|---|
| Да | 43 | 43.0 |
| Не | 57 | 57.0 |
| Вкупно | 100 | 100.0 |

**Табела9 зошто не посетувате активности надвор од ученичкиот дом**

| Активност надвор од уч.дом | Фрекфенции | Процент |
|---|---|---|
| Никогаш не сум посетувал и не планирам тоа да го правам | 10 | 10.0 |
| Посетував извесен период | 16 | 16.0 |
| Не посетувам но планирам тоа да го правам | 31 | 31.0 |
| Вкупно | 57 | 57.0 |
| Недостасуваат | 43 | 43.0 |
| Вкупно | 100 | 100.0 |

Средношколските ученички домови се успешни во организирањето на слободното време. Поголемиот број на воспитаници 54% им веруваат на активностите организирани од ученичкиот дом, што е дури и поголем процент од оние кои посетуваат тренинзи и курсеви надвор од ученичкиот дом. Резултатите и покрај тоа што се слични со резултатите од (табела10 и 11) се во блага предност за слободните активности организирани од средношколските ученички домови во однос на слободните активност надвор од ученичките домови. Од оние кои во момент не се ангажирани во активностите организирани од ученичкиот дом најголем број посетувале извесен период или планираат тоа да го направат.

**Табела10 Дали членувате во некоја секција организирана од страна на ученичкиот дом**

| членувам во секција организирана од уч.дом | Фрекфенции | Процент |
|---|---|---|
| Да | 54 | 54.0 |
| Не | 46 | 46.0 |
| Вкупно | 100 | 100.0 |

**Табела11 Доколку не членувате во некоја секција дали некогаш сте членувале или дали планирате**

| Секции организирани од уч.дом | Фрекфенции | Процент |
|---|---|---|
| Никогаш не сум посетувал и непланирам тоа да го правам | 4 | 4.0 |
| Посетував извесен период | 14 | 14.0 |
| Не посетувам но планирам тоа да го направам | 28 | 28.0 |
| Вкупно | 46 | 46.0 |
| Недостасуваат | 54 | 54.0 |
| Вкупно | 100 | 100.0 |

Со оглед на (табелите6,7,8,9,10и11), може да се заклучи дека интересот за слободно време кај воспитаниците постои и се движи од среден интерес, според воспитувачите, до голем интерес според воспитаниците.

**Со тоа може да констатираме дека Хипотеза 1: Постои интерес кај воспитаниците за слободните активности-се потврдува**

## 1.2 Разноврсност во изборот на активности во средношколските ученички домови

Ученичките домови располагаат со сопствени спортски терени, простории за пинг-понг, разновидни спортски реквизити, простории со музички инструменти, можности за ликовно творење. Трите средношколски дома се наоѓаат во потесното градско подрачје, така да воспитаниците имаат пристап до сите поважни и позначајни објекти од културата и спортот во градот во кој претстојуваат. Од табела12 се гледа мислењето на воспитувачите за доволно широкиот избор на активности во слободното време.

**Табела12 училишниот дом нуди доволно широк избор на активности во слободното време**

| Одговориле | Фрекфенција |
|---|---|
| Да | 17 |
| Можеби, не сум сигурен | 1 |
| Вкупно | 18 |

Средношколските ученички домови се отворена институција, па како таква не е имуна на трендот во слободното време кај младите воопшто. Па така универзалниот тип на забава, тв. и компјутерот, се забава која доминира кај денешната младина. Во дневникот на активности на воспитаниците може да се забележи дека најдоминантна активност била спортската, на второ место е дружењето, интернет и тв. се наоѓаат на трето место, што е добар показател за успешното спроведување на слободното време во средношколските ученички домови. табела13

**Табела13 вид на активност**

| Вид на активност | Фреквенции | Процент |
|---|---|---|
| Учење и активности поврзани со училиштето | 144 | 14.6 |
| Дружење | 239 | 24.4 |
| Спортски активности | 303 | 30.8 |
| ТВ и интернет | 135 | 13.7 |
| Шопинг | 13 | 1.3 |
| Посетување на културни настани | 18 | 1.8 |
| Друга активност | 132 | 13.4 |
| Вкупно | 984 | 100.0 |
| Недостасуваат | 13 | 13 |

**Од (табелите12 и 13) може да заклучиме дека Хипотеза 2: Постои разновидност во изборот на слободните активности во средношколските ученички домови - целосно се потврдува**

## 1.3 Ставови на воспитувачите по однос на слободното време

На воспитувачите им е познато дека деликвенцијата најчесто се врзува со слободното време. Затоа тие се на мислење дека слободното време не треба да се остави без надгледување и насочувања од страна на воспитувачите.

**Табела14 дали посветеноста на воспитаниците кон слободното време, означува помал степен на проблематично однесување и склоност кон пороци**

| Одговориле | Фрекфенција |
|---|---|
| Да | 17 |
| Можеби, не сум сигурен | 1 |
| Вкупно | 18 |

Слободното време треба да ги поттикнува позитивните особини на учениците да развива креативност и од него воспитаниците да излегуваат побогати со знаење и со искуства. Ставовите на воспитувачите по однос на наведените работи се усогласени, со висок процент на позитивни одговори. (табела15 и 16)

**Табела15 може ли во слободното време ученикот да развива креативност**

| Одговориле | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|
| Да | 18 | 100.0 |

**Табела16 сметате ли дека низ слободното време ученикот учи**

| Одговориле | Фрекфенција |
|---|---|
| Да | 17 |
| Не | 1 |
| Вкупно | 18 |

Мислењата за одговорноста на воспитувачите во слободното време на воспитаниците во однос на останатото време

кое воспитаниците го проведуваат во домот се движат од вообичаена одговорност до поголема одговорност. табела17

**Табела17 оценете ја вашата одговорност како воспитувач за време на слободното време во однос на останатото време на воспитаниците**

| Одговорност | Фрекфенција |
|---|---|
| Подеднаква | 10 |
| Поголема | 8 |
| Вкупно | 18 |

## 1.4 Услови за реализација на слободното време

Условите во средношколските ученички домови се солидни, постојано се работи и се инвестира во подобрување на условите во ученичките домови. Ученичките домови обрнуваат големо внимание на условите за минувањето на слободното време кај воспитаниците. табела18

**Табела18 условите за квалитетно минување на слободното време според воспитувачите**

| Одговориле | Фрекфенција |
|---|---|
| Да | 17 |
| Можеби, не сум сигурен | 1 |
| Вкупно | 18 |

Воспитаниците се исто така задоволни од условите за реализација на слободното време во ученичките домови. Овој заклучок произлегува од табела19, каде воспитаниците даваат предност на средношколските ученички домови пред средината од која потекнуваат.

Табела19 ученичкиот дом нуди подобри услови за квалитетен избор на слободни активности од средината во која што живеете

| Одговориле | Фрекфенции | Процент |
|---|---|---|
| Да | 59 | 59.0 |
| Не | 41 | 41.0 |
| Вкупно | 100 | 100.0 |

**Резултатите (табелите18и19) не наведуваат на мислење во прилог на Хипотеза 3: Воспитувачите и воспитаниците сметаат дека условите за реализација на слободните активности, во средношколските ученички домови се задоволителни - целосно се потврдува**

## 1.5 Колку слободно време имаат воспитаниците на располагање

Во текот на досегашното истражување обработувавме прашања сврзани со квалитативната страна на слободното време. Сега да погледнеме на кој начин испитаниците одговориле за квантитативната страна на слободното време во средношколските ученички домови.

Во дневникот на воспитаниците во 73.7% од вкупниот број денови, одговориле дека слободното време им било доволно, додека 26.3% од деновите не им било доволно. табела20

**Табела20 дали слободното време ви беше доволно**

| Одговориле | Фрекфенции | Процент |
|---|---|---|
| Да | 703 | 73.7 |
| Не | 251 | 26.3 |
| Вкупно | 954 | 100.0 |
| Недостасуваат | 43 | 43 |

На прашањето Колку часови слободно време имале во испитуваните десет денови? Најмногу одговориле со 2 и 3 часови дневно, потоа следуваат 1 час итн. табела21 Интересен податок

што може да се забележи од прашањето е што опсегот на одговори е доста голем т.е некои ученици располагале со 1 час слободно време дневно, но има и денови во кои некои ученици располагале со 10 часови слободно време на ден. Иако модот на фрекфенцијата е 2 просечниот број на часови дневно е повисок од 2. Овој податок може да се протолкува: позитивно ако се земе предвид дека некои ученици имаат во некои денови повеќе слободно време, како заслужен одмор од многубројните обврски. Нерамномерно распределеното слободно време може да се протолкува и негативно доколку екстремно високата фрекфенција на слободно време е забележана само кај една иста група на ученици, па така се создаваат група на ученици со релативно малку слободно време и група на воспитаници со повеќе слободно време.

**Табела21 часови слободно време во текот на денот**

| Часови слободно време | Фрекфенции | Процент |
|---|---|---|
| 1 | 177 | 18.1 |
| 2 | 289 | 29.6 |
| 3 | 284 | 29.1 |
| 4 | 87 | 8.9 |
| 5 | 56 | 5.7 |
| 6 | 44 | 4.5 |
| 7 | 19 | 1.9 |
| 8 | 8 | 0.8 |
| 9 | 2 | 0.2 |
| 10 | 12 | 1.2 |
| Вкупно | 978 | 100.0 |
| Недостасуваат | 19 | 19 |

*резултати од дневникот на активности **фрекфенцијата означува број на денови

Според, План и Програма за воспитно-образовната дејност во ученичките домови, е предвидена дневна и седмична артикулација на слободното време на воспитаниците во домот. Според неа:
-променливи активности и рекреација во слободното време(слободен избор) 1,5часа дневно, односно 10часови седмично
-културни активности(тв.,радио-емисии, интернет, посета на кино, театар, концерт идр.) 2 часа дневно, односно 14 часа седмично
-пладневен одмор 1 час днево, односно седмично 7 часа
Тоа преведено за потребите на дневникот, 10 дена, би значело вкупно 35 часа слободно време дневно плус 10 часа пладневен одмор.

Просечното слободно време во дневникот е 28.34 часа, модусот на фрекфенцијата е 22, табела 22. Најмалку слободно време кај воспитаник изнесува 13 часа, а најголема вредност кај воспитаник е 64 часа слободно време за 10 набљудувани дена. Во оптималната бројка според планот и програмата земајќи ги и двете вредности од 35часа и 45 часа, помеѓу овие вредности се наоѓа мала група на воспитаници, 8 воспитаници. табела23

Табела22 вкупно часови слободно време во набљудуваните десет дена

| | |
|---|---|
| Просечно време по ученик | 28.34 |
| Модус на фрекфенцијата | 22 |
| Стдандардна Девиација од просекот | 11.46 |
| Минимум на појавата | 13 |
| Максимум на појавата | 64 |

**Табела23 вкупно часови слободно време во набљудуваните десет дена**

| **Вкупно часови слободно време во набљудуваните десет дена** | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|
| До 15 часа | 2 | 2.0 |
| Од 16 до 25 часа | 55 | 55.0 |
| Од 26 до 35 часа | 24 | 24.0 |
| **Од 36 до 45 часа** | **8** | **8.0** |
| Од 46 до 55 часа | 6 | 6.0 |
| Од 56 до 65 часа | 5 | 5.0 |
| Вкупно | 100 | 100.0 |

Во табелата24 се дадени одговорите забележани според тоа дали денот е работен или неработен(weekend). Со оглед на тоа дека во неработните денови, воспитаниците не одат на училиште, згора на тоа обврските спрема училиштето се расподелени помеѓу двата неработни дена, логично е слободното време во викендите да е поголемо. Специфичноста на домското сместување и групата воспитаници кои секоја недела си одат дома, им одзема од слободното време во неработните денови.

Табела24

| | Просечен број на часови слободно време во: | | |
|---|---|---|---|
| | работен ден | ден од викенд | Набљудуваниот период |
| Број на часови | 2.7 | 3.7 | 2.9 |

**Графикон1**




Од табела 24 и графикон1 се забележува дека воспитаниците имаат повеќе часови слободно време во деновите за време на викендите.

Табела25

| Учебна година | Просечен број на часови слободно време во: | | |
|---|---|---|---|
| | работен ден | ден од викенд | Набљудуваниот период |
| Прва година | 2.4 | 3.4 | 2.5 |
| Втора година | 3.1 | 3.9 | 3.2 |
| Трета година | 2.6 | 4.1 | 2.9 |
| Четврта година | 2.9 | 3.0 | 2.9 |

Графикон2




## 1.6Фактори кои влијааат врз слободното време

Врз слободното време влијаат повеќе фактори кои го условуваат текот и формата на слободното време. Тоа може да бидат разни обврски, ограничувања, спречувања, влијанија. Во (табелите26 и 27) се прикажани согледувањата на воспитувачите дали некој од клучните фактори како што се успехот во

образованието и семејното воспитание влијаат врз начинот на кој воспитаниците го минуваат слободното време.

Табела26 Сметате ли дека начинот на кој го минуваат слободнот време воспитаниците е тесно сврзан со успехот од училиштето

| Одговориле | Фрекфенција |
|---|---|
| Да | 10 |
| Не | 5 |
| Можеби, не сум сигурен | 3 |
| Вкупна | 18 |

Табела27 Сметате ли дека начинот на кој го минуваат слободнот време воспитаниците е тесно сврзан со семејното воспитание

| Одговориле | Фрекфенција |
|---|---|
| Да | 13 |
| Не | 4 |
| Можеби, не сум сигурен | 1 |
| Вкупно | 18 |

## 1.7 Слободното време според начинот на реализација(организација)

Слободното време се нарекува слободно затоа што се одликува со слобода во одлучувањето кај поединците. Слободното време не е ослободено од влијанија. Секое претерано мешање, намерно или не, добронамерно или не, може да биде погрешно протолкувано од воспитаниците. Претераното мешање од воспитувачи може да предизвика контра ефект, тоа може да ја гуши личноста на воспитаникот. Претераното мешање може да штети на интересите за слободно време, креативноста кај воспитаниците. Од табела28 се гледа желабата на воспитаниците самостојно да го организираат слободното време.

Табела28 Слободното време повеќе би сакале да го организирате:

| Слободното време повеќе би сакале да го организирате: | Фрекфенции | Процент |
|---|---|---|
| Самостојно | 69 | 69.0 |
| Да учествувате во неговата организација | 30 | 30.0 |
| Организацијата би ја препуштиле на друг | 1 | 1.0 |
| Вкупно | 100 | 100.0 |

Во дневникот 93.3% од слободното време, воспитаниците одговориле дека го поминале по сопствен избор, додека само 6.7% одговориле дека активностите им биле наметнати. табела29 Тоа говори дека желбите за самостојно организирање на слободното време, воспитаниците најчесто и ги реализираат.

**Табела29 Дали слободните активности беа по твој избор**

| Дали слободните активности беа по твој избор | Фрекфенции | Процент |
|---|---|---|
| Да | 870 | 93.3 |
| Не | 64 | 6.7 |
| Вкупно | 934 | 100.0 |
| Недостасуваат | 63 | 6.3 |

Табела30

| Дали слободните активности беа по твој избор | Колку си задоволен со поминатото слободно време | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Воопшто не сум задоволен | Делумно сум задоволен | Многу сум задоволен | |
| Да | 5.7% 50 | 31.3% 281 | 63.0% 528 | 100% 859 |
| Не | 15.6% 10 | 50.0% 32 | 34.4% 22 | 100% 64 |
| Вкупно | 6.5% 60 | 33.9% 313 | 59.6% 550 | 100% 923 |

Кога слободните активности биле по сопствен избор највисок процент имаме во колоната „многу сум задоволен„ , додека кога активностите на воспитаникот не биле по сопствен избор највисок процент имаме во колоната

„делумно сум задоволен„ и пораст на процентот во колоната „воопшто не сум задоволен„. табела30)

Сите горе наведени резултаати иницираат на размислување дека воспитаниците не се согласуваат со фактот други да им го организираат слободното време т.е. повеќе слободното време го сметаат за своја сопственост и не трпат многу влијанија од страна.

**Со тоа може да тврдиме дека Хипотеза 4: Воспитаниците имаат позитивни ставови по однос на потребата од организирано поминување на слободното време во средношколските ученички домови- делумно се отфрла**

## 2 КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ

Врз основа на резултатите од дескриптивната анализа и одредените заклучоци, се добија податоци за верификација на хипотезите. Во истражувањето тргнавме од следниве хипотези:

5. Не постои статистички значајна разлика помеѓу воспитаниците и воспитувачите во поглед на мислењето за обемот на слободното време на учениците;
6. Не постои статистички значајна разлика по однос на полот во изборот на слободните активности (активно и пасивно поминато слбодно време);
7. Не постои статистички значајна разлика по однос на ставовите на воспитаниците и воспитувачите и квалитетот на слободното време во средношколските ученички домови;
8. Не постои статистички значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците во слободното време(спортска активност-пасивна активност:тв.,интернет) и задоволството од поминатото слободно време;
9. Не постои статистички значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците во слободното време (спортска активност-пасивна активност:тв.,интернет) и должината на слободното време;

10. Не постои статистички значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците во слободното време(спортска активност-пасивна активност:тв.,интернет) и слободата во изборот на активности во слободното време.

## Резултати од тестирањето на хипотезите

Хипотеза 5:

Независна варијабла: Воспитаници и воспитувачи

Зависна варијабла: Мислењето за обемот на слободното време на воспитаниците

$H_0$ (нулта хипотеза) гласи – Не постои статистички значајна разлика помеѓу воспитаниците и воспитувачите во поглед на мислењето за обемот на слободното време на воспитаниците, $\mu_1 = \mu_2$

$H_a$ (алтернативна хипотеза) гласи – Постои статистички значајна разлика помеѓу воспитаниците и воспитувачите во поглед на мислењето за обемот на слободното време на воспитаниците. $\mu_1 \neq \mu_2$.

Каде $\mu_1$ е средна оценка на обемот на слободното време според воспитаниците, и $\mu_2$ е средна оценка на обемот на слободното време според воспитувачите.

Воспитаниците одговориле на начин претставен во табела31.

**Табела31 Колку слободно време имате на располагање**

| Одговориле | Фрекфенции | Процент |
|---|---|---|
| Имам доволно слободно време | 60 | 60.0 |
| Имам слободно време, но не е доволно | 34 | 34.0 |
| Немам слободно време | 6 | 6.0 |
| Вкупно | 100 | 100.0 |

Воспитувачите за тоа колку слободно време имаат воспитаниците на располагање, дале проценка од 1 до 5. одговорите се претставени на табела32.

**Табела32 Проценка, колку слободно време имаат воспитаниците во ученичкиот дом, според воспитувачите**

| Одговориле | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|
| 2 | 7 | 38.9 |
| 3 | 7 | 38.9 |
| 4 | 4 | 22.2 |
| Вкупно | 18 | 100.0 |

Бидеќи независната варијабла е дискретна а зависната варијабла е квантитативна како најсоодветен тест е избран **t**-тестот.

Резултатот од t-тестот гласи: Нултата хипотеза **не** се прифаќа, ($\mu_1 \neq \mu_2$), односно, постои статистички значајна разлика помеѓу воспитаниците и воспитувачите во поглед на мислењето за обемот на слободното време на воспитаниците: (M= 1,46; s = 0,610)на воспитаниците и тоа на воспитувачите (M= 1,78; s = 0,428), t (116)= -2,115, p = 0,037, $\alpha$ = 0,05, односно 3,7% од варијабилноста на мислењето за обемот на слободното време на воспитаниците зависи од тоа дали оцената ја дал воспитаник или воспитувач.

| Колку слободно време имате/имаат на располагање | број на опсерваци и (N) | аритметич ка средина (M) | Стандардна девијација (s) | Стандардна грешка на аритметичкат а средина |
|---|---|---|---|---|
| Воспитаници | 100 | 1.46 | .610 | .061 |
| Воспитувачи | 18 | 1.78 | .428 | .101 |

| Колку слободно време имате/имаат на располагање | Левинов тест за еднаквост на варијанси | | t-тест за еднаквост на аритметички средини | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 95% Интервал н доверливост на разликата | |
| | F-дистрибуција | Значајност | t-дистрибуција | Степен на слобода (df) | Двонасочна значајност | Долна граница | Горна границ |
| Предпоставена еднаквост на варијанси | 10.276 | .002 | -2.115 | 116 | .037 | -.615 | -.02 |

Објаснување за не прифаќањето на нулхипотезата може да се добие од тоа што одговорите на воспитувачите повеќе се со централна тенденција, за разлика од одговорите на воспитаниците.

Хипотеза 6:

Независна варијабла: Пол

Зависна варијабла: Вид на активност (активно и пасивно поминато слободно време).

$H_0$ (нулта хипотеза) гласи - Не постои статистички значајна разлика по однос на полот во изборот на слободните активности (активно и пасивно поминато слободно време).

$H_a$ (алтернативна хипотеза) гласи - Постои статистички значајна разлика по однос на полот во изборот на слободните активности (активно и пасивно поминато слободно време).

Бидејќи независната и зависната варијабла се дискретни за најсоодветен тест е избран $\chi^2$-тестот.

Резултатот од тестот гласи: Нултата хипотеза се прифаќа - не постои статистички значајна разлика по однос на полот во изборот на слободните активности (активно и пасивно поминато слободно време), имено **$\chi^2$ =0.172, df = 1, p= 0.678,** односно само 4,5% од варијабилноста на видот на активноста зависи од полот на воспитаникот. Што означува дека машките и женските проведуваат готово подеднакво време во активност(спорт, прошетка) и пасивна активност(тв., интернет)

| Видот на активноста според пол | Случаи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Валидни | | Недостасува | | Вкупно | |
| | N | Процент | N | Процент | N | Процент |
| | 86 | 86.0% | 14 | 14.0% | 100 | 100.0% |

Табела33 Видот на активноста според пол

| Пол | Вид на активноста | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Активно | Пасивно | |
| Мажи | 42 | 8 | 50 |
| Жени | 29 | 7 | 36 |
| Вкупно | 71 | 15 | 86 |

### $\chi^2$ Тест

| Пеарсон $\chi^2$ | Вредност | Степен на слобода | Значајност (двострана) |
|---|---|---|---|
| | .172[a] | 1 | .678 |

| Вредност | |
|---|---|
| Ета | 0,045 |

Хипотеза 7:

Независна варијабла: Воспитаници и воспитувачи

Зависна варијабла: Оцена на слободното време

$H_0$ (нулта хипотеза) гласи – Не постои статистички значајна разлика по однос на ставовите на воспитаниците и воспитувачите и квалитетот на слободното време во средношколските ученички домови. односно $\mu_1 = \mu_2$

$H_a$ (алтернативна хипотеза) гласи – Постои статистички значајна разлика по однос на ставовите на воспитаниците и воспитувачите и квалитетот на слободното време во средношколските ученички домови, односно $\mu_1 \neq \mu_2$.

Каде $\mu_1$ е средна оценка на воститаниците, и $\mu_2$ е средна оценка на воститувачите.

Мислењето за квалитетот на слободното време во СУД кај, двете групи испитаници може да се види од следната табела34 односно графикон3.

**Табела34** Оцена на квалитетот на слободното време во ученичкиот дом

| Оценка | Процент | |
|---|---|---|
| | Воспитаници | Воспитувачи |
| 1 | 6.0 | .0 |
| 2 | 5.0 | .0 |
| 3 | 37.0 | 33.3 |
| 4 | 37.0 | 50.0 |
| 5 | 15.0 | 16.7 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 |

**Графикон3**




Бидејќи независната варијабла е дискретна а зависната варијабла е квантитативна како најсоодветен тест е избран t-тестот.

Резултатот од t-тестот гласи: Нултата хипотеза се прифаќа ($\mu_1 = \mu_2$), односно, не постои значајна статистичка разлика помеѓу просечната оцена за квалитетот на слободното време во средношколските ученички домови од страна на воспитаниците (M= 3,50; s = 1.010), и воспитувачите (M= 3.83; s = 0.707), t (116)= -1,340, p = 0,183, $\alpha$ = 0,05, односно само 1,5% од варијабилноста на видот на разлика помеѓу просечната оцена за квалитетот на слободното време во средношколските ученички домови зависи од тоа дали оцената ја дал воспитаник или воспитувач.

| Оценка на квалитетот на слободното време | број на опсервации (N) | аритметичка средина (M) | Стандардна девијација (s) | Стандардна грешка на аритметичката средина |
|---|---|---|---|---|
| Воспитаници | 100 | 3 50 | 1 010 | 101 |
| Воспитувачи | 18 | 3 83 | 707 | 167 |

| Оценка на квалитетот на слободното време | Левинов тест за еднаквост на варијанси | | t-тест за еднаквост на аритметички средини | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 95% Интервал на доверливост на разликата | |
| | F-дистрибуција | Значајност | t-дистрибуција | Степен на слобода (df) | Двонасочна значајност | Долна граница | Горна граница |
| Предпоставена еднаквост на варијанси | 3.371 | .069 | -1.340 | 116 | .183 | -.826 | 159 |

*Напомена: Што се однесува за активното слободно време и пасивното слободно време, најчесто се одлучуваат за спортски активности и телевизијата и интернетот. Категоријата дружење е на второ место. Проблемот е што дружењето може да се карактеризира и со активност и со пасивност. За тоа во споредбата на активноста и пасивноста дружењето ќе го исключиме од споредба.*

Хипотеза 8:

Независна варијабла: "Вид на активност"

Зависна варијабла: "Колку сте задоволни од поминатото слободно време.

$H_0$ (нулта хипотеза) гласи – Не постои статистичи значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците во слободното време(спортска активност-пасивна активност:тв.,интернет) и задоволството од поминатото слободно време.

$H_a$ (алтернативна хипотеза) гласи – Постои статистичи значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците во слободното време(спортска активност-пасивна активност:тв.,интернет) и задоволството од поминатото слободно време.

Задоволството кај воспитаниците од активното слободно време и пасивното слободно време најдобро може да се согледа од резултатите добиени од дневникот на активности, претставени во табела35 односно графикон4:

Табела35

| Вид на активност | Воопшто не сум задоволен | Делумно сум задоволен | Многу сум задоволен | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Спортски активности | 3.73% | 32.88% | 63.39% | 100.00% |
| ТВ И интернет | 7.46% | 31.34% | 61.19% | 100.00% |

Графикон4




Бидејќи независната и зависната варијабла се дискретни за најсоодветен тест е избран $\chi^2$-тестот.

Резултатот од тестот гласи: Нултата хипотеза се прифаќа. Не постои статистичи значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците во слободното време(спортска активност-пасивна активност:тв.,интернет) и задоволството од поминатото слободно време.

Имено $\chi^2$ = **2.763, df = 2, p = 0.251,** односно само 8,0% од варијабилноста на за задоволството од поминатото слободно време зависи од видот на активноста.

Што означува дека задоволството од активното и пасивното поминато слободно време кај воспитаниците е речиси идентично.

| Вид на активност според колку си задоволен со поминатото слободно време | Случаи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Валидни | | Недостасува | | Вкупно | |
| | N | Процент | N | Процент | N | Процент |
| | 429 | 97.9% | 9 | 2.1% | 438 | 100.0% |

**Табела36 Вид на активност според колку си задоволен со поминатото слободно време**

| Вид на активност | Колку си задоволен со поминатото слободно време | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Воопшто не сум задоволен | Делумно сум задоволен | Многу сум задоволен | |
| Спортски активности | 11 | 97 | 187 | 295 |
| ТВ и интернет | 10 | 42 | 82 | 134 |
| Вкупно | 21 | 139 | 269 | 429 |

**$\chi^2$ Тест**

| | Вредност | Степен на слобода (df) | Значајност (двострана) |
|---|---|---|---|
| Парсон $\chi^2$ | 2.763 | 2 | 0.251 |

| Вредност | |
|---|---|
| Ета | 0,080 |

Хипотеза 9:

Независна варијабла: "Вид на активност"

Зависна варијабла: "Дали слободното време беше доволно"

$H_0$ (нулта хипотеза) гласи – Не постои статистичи значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците во слободното време (спортска активност-пасивна активност:тв.,интернет) и должината на слободното време.

$H_a$ (алтернативна хипотеза) гласи – Постои статистички значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците во слободното време (спортска активност-пасивна активност:тв.,интернет) и должината на слободното време.

Најдобар увид можеме да добиеме од резултатите од дневникот на активност претставени во табела37 односно графикон5.

Табела 37

| Дали слободното време беше доволно | Вид на активност | |
|---|---|---|
| | Спортски активности | ТВ и интернет |
| Да | 74.32% | 66.42% |
| Не | 25.68% | 33.58% |

Графикон5

**Дали слободното време беше доволно**




Бидејќи независната и зависната варијабла за дискретни за најсоодветен тест е избран $\chi^2$-тестот.

Резултатот од тестот гласи: Нултата хипотеза се прифаќа. Не постои статистички значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците во слободното време (спортска активност-пасивна активност:тв.,интернет) и должината на слободното време.

Имено $\chi^2$ =2.831, df = 1, p= 0.092, односно само 8,2% од варијабилноста за тоа дали слободното време им било доволно зависи од видот на активноста.

Тестираната хипотеза потврдува дека зависноста од тв. и интернет кај воспитаниците во однос на спортската активност не е поголема а разликите во поглед на тоа статистички не се значајни.

| Вид на активност * Дали слободното време беше доволно | Случаи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Валидни | | Недостасува | | Вкупно | |
| | N | Процент | N | Процент | N | Процент |
| | 426 | 97.3% | 12 | 2.7% | 438 | 100.0% |

**Табела38 Вид на активност според дали слободното време беше доволно**

| Вид на активност | Дали слободното време беше доволно | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Да | Не | |
| Спортски активности | 217 | 75 | 292 |
| ТВ И интернет | 89 | 45 | 134 |
| Вкупно | 306 | 120 | 426 |

**$\chi^2$ Тест**

| | Вредност | Степен на слобода (df) | Значајност (двострана) |
|---|---|---|---|
| Парсон $\chi^2$ | 2.831 | 1 | .092 |

| Вредност | |
|---|---|
| Ета | 0.082 |

Хипотеза 10:

Независна варијабла: Дали воспитаниците слободно ја избрале активноста

Зависна варијабла: Вид на активност

$H_0$ (нулта хипотеза) гласи – Не постои статистичи значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците во слободното време(спортска активност-пасивна активност:тв.,интернет) и слободата во изборот на активности во слободното време.

$H_1$ (алтернативна хипотеза) гласи - Постои статистичи значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците во слободното време(спортска активност-пасивна активност:тв.,интернет) и слободата во изборот на активности во слободното време.

Резултатите по однос на тоа дали активностите беа по сопствен избор, се прикажани во табела39 и графикон6, добиени од дневникот на активности на воспитаниците.

Табела39

| Дали слободните активности беа по твој избор | Спортски активности | ТВ и интернет |
|---|---|---|
| Да | 92.10% | 96.75% |
| Не | 7.90% | 3.25% |

Графикон 6



Бидеќи независната и зависната варијабла за дискретни за најсоодветен тест е избран $\chi^2$-тестот.

Резултатот од тестот гласи: Нултата хипотеза се прифаќа. Не постои статистичи значајна разлика помеѓу видот на активноста на воспитаниците во слободното време(спортска активност-пасивна активност:тв.,интернет) и слободата во изборот на активности во слободното време.

**$\chi^2$ = 3,069, df = 1, p= 0.080,** односно само 8.6% од варијабилноста на видот на активноста зависи од тоа дали воспитаниците ја избрале конкретната активност.

Со тоа докажуваме дека не постои статистички значајна поврзаност помеѓу активно и пасивно слободно време кај воспитаниците и тоа дали слободното време било по нивен избор или им било наметнато, односно воспитаниците се одлучуваат за спортски активности, тв и интернет независно од тоа дали се по нивен избор или не.

Case Processing Summary

| Дали слободните активности беа по твој избор * Вид на активност | Случаи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Валидни | | Недостасува | | Вкупно | |
| | N | Процент | N | Процент | N | Процент |
| | 414 | 94.5% | 24 | 5.5% | 438 | 100.0% |

$\chi^2$ **Тест**

| | Вредност | Степен на слобода (df) | Значајност (двострана) |
|---|---|---|---|
| Парсон $\chi^2$ | 3.069[a] | 1 | 080 |

| **Вредност** | |
|---|---|
| Ета | 0,086 |

# IV. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Слободното време на младите во средношколските ученички домови, како главна тема, ни овозможи да ги согледаме односите на младите кон слободното време, слободното време во една од позначајните институции наменета за младите, средношколските ученички домови.

Најпрвин беше неопходно да се истражи слободното време, подетално, од аспект на тоа што претставува слободното време како поим, потоа како настанало и кои се неговите карактеристики итн.

Кон слободното време тежнеат сите генерации, но најактивни во слободното време се младите луѓе. Средношколските ученички домови се наменети за младите луѓе, кои се во адолесцентниот период на психо-физичкиот развој. Главната специфика за младите од овој период е тоа што сакаат поголемо почитување на нивната личност и поголема слобода во одлучувањето. Активноста во овој период е неопходна за младите, таа делува позитивно врз нивниот физички и психички разој.

Во средношколските ученички домови се сместени и ученици од селските средини. Затоа направивме согледување на карактеристиките на младите од селските и градските средини. Кои се нивните предности, а кои се нивните недостатоци. Тука ја истакнавме улогата на средношколските ученички домови кои ги изедначуваат условите на младите од различни социолошки и геолошки средини. Средношколските ученички домови делуваат врз создавањето на позитивни навики и менувањето на негативните навики кај поединците.

На почетокот на истражувањето тргнавме со одреден број посебни хипотези. За што попрецизна проверка на хипотезите, се послуживме со податоците добиени од истражувањето спроведено во самите средношколски ученички домови. Од обработените

податоци, преку графикони, табели, тестирање на хипотези дојдовме до следниве **заклучоци**:

-Интересот кај воспитаниците за слободното време и слободните активности организирани од страна на средношколските ученички домови е голем(хипотеза 1), што е добра основа за понатамошно унапредување на слободното време во иднина;

-Постои разновидност во изборот на активности во слободното време(хипотеза 2). Понудата на средношколските ученички домови во слободното време е добра и според двете групи на испитаници;

-Во текстот напоменавме за добрата опременост на средношколските ученички домови и солидната инфраструктура за удобно поминување на слободното време на воспитаниците. Тоа го потврдивме и преку прифаќањето на хипотеза 3, со која се потврдува постоење на услови во средношколските ученички домови за активности во слободното време.

-Организирање на слободното време е потребно, но само ако е ненаметливо, без форми на притисоци. Тука воспитувачите повеќе би требало да се во улога на ментор, советник, некој на кој може да му се верува. Воспитаниците, во најголем дел, сами одбираат што би правеле во слободното време. Организираност на слободното време да, но воспитаниците не поднесуваат преголема програмираност на слободното време. Со тоа хипотеза4, во врска со потребата од поголема организираност на слободното време, делумно се потврдува;

-Што се однесува до обемот на слободното време со кое располагаат воспитаниците(хипотеза5), тука ставовите на воспитаниците и воспитувачите се разликуваат. Може уште да кажеме и дека: слободното време според обемот, не се спроведува, во целост, онака како е планирано според планот и програмата за работата во средношколските ученички домови. Во просек воспитаниците имаат нешто помалку слободно време

според предвиденото. Причината пред се лежи во зголемените обврски во училиштето и обрските спрема училиштето, како фактор број еден што го загрозува обемот на слободното време;

- Полот(од хипотеза6), успехот и возраста. заклучивме дека не влијаат значително врз слободното време на воспитаниците. Тоа означува дека не постои дискриминација во слободното време на воспитаниците по ниту една основа;

-Ставовите на воспитаниците и воспитувачите околу квалитетот на слободното време со кое располагаат воспитаниците (хипотеза7), се совпаѓаат; Разликите пак, што постојат, помеѓу овие две групи на воспитаници ни во најмала рака не се драстични, ниту пак спротивни.

- Без оглед на тоа дали слободното време се поминува активно или пасивно, не влијае значително на задоволството, слободата во изборот и дали слободното време им било доволно на воспитаниците(хипотеза8,9и10)

Донесените заклучоци од посебните хипотези, не наведуваат на размислување за **поволната клима во односите** помеѓу вработените и учениците во средношколските ученички домови. Како резултат на тоа **слободното време успешно се спроведува и организира. Ставовите се усогласени и не постојат конфликтни ситуации.** Начинот на кој се организира слободното време е **во склад со интересите и афинитетите** на поединците сместени во домовите. Особено се внимава на **слободниот избор** на активности на воспитаниците. Средношколските ученички домови **успешно се справуваат и со негативните трендови на пасивно минување** на слободното време кај денешната младина.

**Препораки**

Слободното време е подложно на многубројни влијанија кои ја условуваат неговата форма и тек. Затоа е потребно да се создадат што посоодветни услови за правилно и непречено

минување на слободнот време. Потребни се соодветни вложувања во инфраструктура, реквизити, потребно е да се пронајде соодветен начин на организирање, кој ќе ги стимулира младите на активно минување на слободното време. Слободното време треба да го подржува физичкиот, културниот, уметничкиот и естетскиот развој на личноста.

Слободното време доколку се организира неправилно, стихијно, без мониторинг од воспитувачите, може да претставува подлога за развој на негативни појави (деликвеција, склоност кон пороци, асоцијално поведени исл.). Доколку младите не се насочат кон правилен избор на активности во слободното време, многу поголема е веројатноста тие да изберат нешто што е негативно за нив. Тоа би го направиле затоа што тие појави се присутни насекаде во општеството. Краткотрајните и привидните задоволства, претераната пасивност, полесниот избор се работи кои на прв поглед можат да ги привлечат младите. Освен тоа трендот на пасивната забава зема се поголем замав, последиците од неактивност се големи и ги чувствуваат сите генерации. Штетно влијаат врз младите, во време кога треба да се градат навики за целиот свој живот.

# V. БИБЛИОГРАФИЈА:


1. Ацески И.,(2000),Социјална екологија.Скопје, Филозофски факултет
2. Ацески И.,(2007),Социологија.Скопје,филозофски факултет
3. Ачковска-Лешковска Е.,(1993),Улогата на родителите во организирањето на слободното време на децата,Скопје,Просветно дело,год47бр5,стр(98-102)
4. Баракоска А.,(1996),Педагошка улога на слободното време во ученичките домови,Скопје,Просветно дело, бр4,стр(101-108)
5. Баракоска А.,(2003),Педагогија на слободното време, Скопје
6. Баракоска А.,(2007),Педагогија.Скопје,Филозофски факултет
7. Божовић Р.,(1979),Искушења слободног времена,Београд,Младост
8. Bozović R.,(1989),Kroz crveno.Beograd.Sloboda
9. Bozović R.,(1991),Kultura Potreba.Beograd.Naućna knjiga
10. Bozović R.,(2003),U traganju za dokolicom,podgorica,Pobjeda
11. Borovnica N.,(1992)Parametri za planiranje i projektovanje stanovanja u gradskim naseljima.Beograd.Institut za arhitekturu i urbanizam Srbije
12. Брочић Љ.,(1970),Културни живот и вредности младих,Београд,Ђуро Салај

13. Брочиќ Љ.,(1968),Слободно време и формирање младе личности.Београд.Ђуро Салај
14. Василев Ѓ.,(1996),Навиките кај децата-настанување и одраз врз животот.Скопје.Просветно дело.бр2.стр(89-95)
15. Василиевски В.(2000),Размисли за градот.Скопје,
16. Велевски К.,(2010),Воспитна работа со ученици-домци. Скопје
17. Вељановски Н.,(2000).Основи на социјализацијата на личноста.Битола,Сатја саи Баба центар
18. Видоевски Б.,(1998),Правопис на македонскиот литературен јазик издание со изменет и дополнет текст.Скопје,Просветно дело
19. Воинституционални форми во општествената грижа и воспитувањето на децата.Сојуз на организациите за социјалистичко воспитување и грижа за децата на СР Македонија
20. Вујаклија М.,(1980)Лексикон страних речи и израза. Београд,Просвета
21. Vukasović A.,(1990).Pedagogija. Zagreb.izdavaćka kuća Zagreb. str268-302
22. Газивода П.,(1978),Слободно вријеме-удес или шанса, Титоград
23. Група автори,(1976),Основи на воспитната работа во ученичките домови.Скопје,Андрагошка школа
24. Drustveni inters u razvijanju organizovanog odmora djece.(1983). Naša djeca-SR Hrvatska. Zagreb
25. Društveno i prostorno kreiranje životne sredine i slobodno vrijeme mladih(stručni i naučno-istraživaćki radovi na sedmom jugoslovenskom kolokviju o slobodnom vremenu mladih u Dubrovniku).(1976).Zagreb. Centar za vanškolski odgoj saveza Naša djeca

26. Dumazdier J.,(1974),sociology of leisure,New York,Elsevier North Hollanhd,INC
27. Elaković S.,(1991),Sociologija slobodnog vremena i turizma, Beograd,Savremena administracija
28. Ефтимова Љ.,(2004),Речник на странски зборови и изрази,Скопје,Феникс
29. Zimanji V.,(1983),Slobodno vreme industrijskih radnika u SAP Vojvodini,Subotica,Ekonomski fakultet
30. Излети, игре и вештине у природи,(1969),Београд, Пионирски инструктор
31. Илиевски Ѓ.,(1995),Некои педагошки аспекти во отстранувањето на деформитетите и реализирање на задачите во физичкото и здравственото воспитание, Скопје,Просветно дело,год49бр1,стр(23-28)
32. Исхрана и вашето здравје,(1997),Институт отворено општество Македонија
33. Janković V,(1973),Slobodno vrijeme u suvremenoj teoriji i praksi, Zagreb,Pedagoško-književni zbor
34. Jasović Z.,(1974),Slobodno vreme i prestupničko ponašanje mladih, Beograd
35. Jevtić R.,Urosević M.,(1974),Odmor i rekreacija dece Beograda,Beograd,Uprava dečjih letovališta i oporavilišta
36. Jerbić V.,(1970), Analiza nacina zivota i korišćenje slobodnog vremena djece i omladine u Zagrebu u 1968 godini,Zagreb, Naša djeca
37. Jerbić V.,(1973),Analiza funkcija slobodnog vrijemena djece i omladine. Centar za vanškolski odgoj, Zagreb
38. Jerbić V.,(1970),Slobodno vrijeme mladih u Zagrebu u 1968. Centar za vanškolski odgoj, Zagreb

39. Керамичиева Р.,(1996),Психологија во образованието и воспитанието: за студентите на наставничките факултети,Скопје,Просветно дело
40. Кожух Б.,Ангеловска-Галевска Н.,(2008),Статистичка анализа на податоци,Скопје,Филозофски факултет-Универзитет,,Св.Кирил и Методиј,,
41. Конески К,(1999),Правописен речник на македонски литературен јазик,Скопје,Просветно дело
42. Костова М.,(1995),Оптовареноста на учениците,Скопје, Ворлдбук
43. Krivokapić N.,(2008),Teoriski pristup slobodnom vremenu(poseban osvrt na jugoslovensku sociologiju),Nikšic,filozofski fakultet
44. Krippendorf J,.(1986),Putujuče čovečanstvo,Zagreb,Zavod za istraživanje turizma
45. Kultura mladih i slobodno vrijeme (stručni i znanstveno-istrazivački radovi na petom kolokviju u Dubrovniku),(1975),Beograd,Centar za vanškolski odgoj saveza Naša djeca
46. Kultura mladih i slobodno vrijeme(treći kolokvij o slobodnom vremenu mladih),(1971),Zagreb
47. Leburić A.,Tomič –Koludrović I.,(Sociologija zivotnog stila, Zagreb,naklada Jesenski i Turk
48. Lešnik R.,(1982),Prosti čas,Maribor,Založba obzorja
49. Максимов А.Л.(1981),Рабочее и свободное времја в услови развитога социализма,Москва,Наука
50. Martinić T.,(1977),Slobodno vrijeme i savremeno društvo, Zagreb, Informator
51. Maslovarić B.,(2010),Menadzment slobodnog vremena kao factor razvoja ličnosti odraslih,Podgorica,Pedagoški centar Crne Gore
52. Mihovilović M.,(1969),Slobodno vrijeme gragjana Zagreba, Zagreb,Skupština grada Zagreba

53. МОН-Педагошки завод на Македонија,(1999),План и програма за воспитно-образовната дејност во ученичките домови,Скопје
54. Мурати Џ.,(1994),Причини за промена на успехот кај учениците од првите класови на средните училишта во споредба со основното училиште,Скопје,Просветно дело
55. Мурати Џ.,(1995),Целите и задачите на слободното време во училиштето,Скопје,Просветно дело,год49бр2, стр(78-86)
56. Ненадић М.,(1987),Слободно вријеме у дјелу Карла Маркса,Сарајево,Веселин Маслеша
57. Нешић Љ. и Ловренски Б.,(1977) Годишни одмор, доколица, није кренимо стазама рекреације,Београд, Републичка заједница за физичку културу
58. Njoftohu me te drejtat e tua dhe mbroju nga trafikantet me njeraz,univerziteti Sh Kiril dhe Metodij-Shkup, fakulteti filozofik
59. Onore K.(2005),Pohvala sporosti:kao jedan svetski pokret prkosi kultu brzine,Beograd, Algoritam
60. Основи на воспитната работа во ученичките домови(прирачник за воспитувачи-група автори), (1976),Скопје,Андрагошка школа
61. Петров И.,(1993),Организација на учењето и успехот на учениците во средношколските ученички домови, Скопје,Просветно дело
62. Plenković J.,(2000),Slobodno vrijeme mladeži, Rijeka,Društvo prijatelja Hrvatska-Japan, Rijeka
63. Previšić V.,(1987),Izvan nastavne aktivnosti i stvaralašto, Zagreb,školske novine
64. Pregrad Z.,Šimleša P.,FrankovićD.,(1963)Enciklopedijski rječnik pedagogije,Zagreb,Matica Hrvatska
65. Radović D.,(1972),Dokolice,Novi Sad,Matica Srpska

66. Рекреација и спортување на граѓаните,(1973) ,Републичко советување,Скопје
67. Росић В.,(1995),Воспитувачот и воспитно образовната работа во ученичките домови,Скопје,Просветно дело, бр4,стр(38-46)
68. Rosić V.,(1986),Domski odgoj,Pula,Istarska naklada
69. Rosić V.,(1991),Odgajatelj i odgojni rad,zajednica domova učenika jugoslavije,Rijeka
70. Рот Н.,(1988),Психологија личности,Београд,Завод за уџбенике и наставна средства
71. Rot N.,(1972),Socijalna Psihologija,Beograd,izdavačko preduzeće Rad
72. Šimleša P.,(1973),Pedagogija.Zagreb,Pedagoško-književni zbor
73. Slobodno vrijeme mladih(stručni i naučno-istraživački radovi na prvom kolokviju u Baćkom Polju),(1969),Zagreb, Centar za vanškolski odgoj saveza Naša djeca
74. Slobodno vrijeme u funkciji socijalističkog samoupravnog preobražaja odgoja i obrazovanja,Stručni i znanstveno istraživački radovi na šestom kolokviju,(1975),Dubrovnik
75. Skledar N.,(2007), Filozofija i život, Zagreb, Hrvatsko filozofsko društvo
76. Смилевски Б.(2000),Движи се за да не заборавиш да одиш,Македонска ризница-Куманово
77. Современото училиште и неговите предизвици,(1995), Скопје,Просветно дело
78. SoseH.(1989),Vannastavne sportse aktivnosti u osnovnoj skoli, Mostar,univerzitet„Dzemal Bijedič,,
79. Socijalizacija i društveni oblici života mladih i slobodno vreme(ćetvrti kolokvij o slobodnom vremenu mladih),Šibenik

80. Спасов Ѓ., Анастасовски А.,(1991),Теоретски основи по физичко и здравствено воспитание,Скопје, Просветен работник
81. Стаменкова-Трајкова В.,(1993),Семејството и ставовите на младите спрема алкохолот и алкохолизмот, Скопје, Просветно дело,бр4,стр(62-76)
82. Taubman I.,(1979),Rekreacija u SR Bosni i Hercegovini,Sarajevo, Institut za arhitekturno, urbanistićko i prostorno planiranje
83. Тодоровић А.,(1978), Методологија истраживања слободног времена, Београд, Савремена администрација
84. Чочов В.(1970),Слободното време и хармоничното развитие на човека, София, БКП

# VII ПРИЛОЗИ

Прилог1

| Анкетен лист за воспитаници |
|---|
| Вашите мислења и ставови се од големо значење за успехот на оваа анкета која ќе биде искористена исклучиво во научни цели . Анкетата е анонимна и затоа очекувам искрена соработка . |
| Ви благодарам! |
| Пол: [ ] Возраст: [ ] години |
| Среден успех во училиште од крајот на минатата година [ ] |

(заокружи само еден одговор)

1.Колку слободно време имате на располагање во ученичкиот дом :

а)имам доволно слободно време

б)имам слободно време, но не е доволно

в)немам слободно време

2.Слободното време повеќе би сакале да го организирате :

а)сам

б)да учествувате во организацијата

в)организацијата би ја препуштиле на друг(воспитувач, другар и сл.)

3.Во слободното време :

а)секогаш сум посветен на едно исто хоби или активност

б)настојувам секогаш да вршам различни активности

в)извесен период се занимавам со едно активност,хоби , а потоа извесен период на друга

(заокружи)

| | | |
|---|---|---|
| 4.Слободните активности ви се омилениот дел од денот и не би ги замениле со учење или некоја непланирана обврска? | Да | не |
| 5.Ученичкиот дом нуди подобри услови за квалитетен избор на слободни активности од средината во која што живеете? | Да | не |

(заокружи )

6.Дали посетувате одредени тренинзи , курсеви надвор од ученичкиот дом:

а)да б)не

-ако одговорот е НЕ, одговори на горенаведеното прашање заокружувајчи го точниот одговор од понудените дополнителни одговори:

а)никогаш не сум посетувал и непланирам тоа да го правам

б)посетував извесен период

в)не посетувам но планирам тоа да го направам

(заокружи)

7.Дали членувате во некоја секција организирана од страна на интернатот(спортска, научна, културна ):

а)да б)не

-ако одговорот е НЕ, одговори на горенаведеното прашање заокружувајчи го точниот одговор од понудените дополнителни одговори:

а)никогаш не сум посетувал и непланирам тоа да го правам

б)посетував извесен период

в)не посетувам но планирам тоа да го направам

8.Дадени се 5(пет) ѕвездички за квалитетот на слободното време во ученичкиот дом.

1 2 3 4 5

(заокружи онолку ѕвезди, што според квалитет што го заслужува слободното време)

(штиклирај го точниот одговор и дополни ја соодветната празна црта)

9.Повеќе сакате да го поминете своето слободно време во домот или надвор од домот:

☐Во домот, наведи некоја активност________________________

☐ Надвор од домот, наведи_______________________________

(штиклирај или пополни ја празната црта )

10. Кои од наведените карактеристики најмногу му недостасува на твојот ученички дом за да може да има совршени услови за слободното време:

☐ инфраструктура(спортски терени, среден двор)

☐ опременост(тв, пц, двд, фудбал, баскет......)

☐ полиберален однос на воспитувачите

☐ повисок професионализам(соработка на домот со професионални тренери, инструктори, обучувачи, експерти, предавачи...)

Друго:_________________________________________

Прилог2
(заокружи еден од понудените одговори)

Анкетен лист за воспитувачи

Вашите мислења и ставови се од големо значење за успехот на оваа анкета која ќе биде искористена исклучиво во научни цели . Анкетата е анонимна и затоа очекувам искрена соработка .

Ви благодарам!

Пол: ☐ ☐

Возраст: ☐ години

Работно искуство години

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Училишниот дом нуди услови за квалитетно минување на слободното време? | Да | Не | Можеби/не сум сигурен |
| 2. | Нуди ли училишниот дом доволно широк избор на активности во слободното време? | Да | Не | Можеби/не сум сигурен |
| 3. | Посветеноста на воспитаниците кон слободното време, означува помал степен на проблематично однесување и склоност кон пороци? | Да | Не | Можеби/не сум сигурен |
| 4. | Сметате ли дека начинот на кој го минуваат слободното време воспитаниците е тесно сврзан со успехот од училиштето? | Да | Не | Можеби/не сум сигурен |
| 5. | Сметате ли дека начинот на кој го минуваат слободното време воспитаниците е сврзан со семејното воспитание? | Да | Не | Можеби/не сум сигурен |
| 6. | Може ли во слободното време ученикот да развива креативност? | Да | Не | Можеби/не сум сигурен |
| 7. | Сметате ли дека низ слободното време ученикот учи? | Да | Не | Можеби/не сум сигурен |

8.Сметате ли дека воспитаниците сместени во ученичкиот дом во кој работите имаат доволно слободно време за слободни активности: (заокружи го бројот на скалата за интензитет )

1 2 3 4 5




(нема сл. време) (има делумно сл.време) (доволно сл време)

9.Дадени се 5(пет) ѕвездички за квалитетот на слободното време во ученичкиот дом.

1 2 3 4 5



(заокружи го бројот на ѕвезди колку што заслужува слободното време според квалитет)

10. Колку се учениците заинтересирани за слободните активности во слобдното време: (заокружи го бројот на интензитет на скалата )

1 2 3 4 5




(интерес) (интерес)

11.Вашата одговорност како воспитувач за време на слободното време во однос на останатото време на воспитаниците (учење, јадење, спиење..) е: (заокружи го симболот)

| помала | под еднаква | поголема |
|---|---|---|
| < | = | > |

Прилог3

# Дневник на активности во слободно време

Твое име и презиме___________________________

Датум на раѓање__________________

Место во кое живееш_________________

Средношколски ученички дом_________________________________

На овој лист се наоѓа табела која треба да ја пополниш за потребите на едно научно истражување. Податоците ни се многу важни па затоа ве молиме да го прочитате внимателно упатството за пополнување.

Тоа е дневник за слободното време кое го имаш на располагање, од утро па до легнување во кревет. Дневникот ќе го водиш секојдневно од утре па во наредните 10 дена. Во колоните го запишуваш времето поминато во разонода, забава, креативност, спортување, и одговараш на останатите прашања од колоните. Многу е битно дневникот да го водиш редовно, секој ден, а не да забележуваш следниот ден, затоа што може да заборавиш што поточно си правел претходниот ден во слободното време.

**Ти благодарам на соработката и искреноста!**

| ДЕН | ДАТУМ | Колку денес имаше слободно време?пр (1час, 2часа, 3часа....) | Слободното време ти беше ли доволно или имаш потреба од повеќе слободно време? (заокружи одговор) | Со кои активности го исполни слободното време? | Дали слободните активности ти беа наметнати од страна на воспитувачите или беа по твој избор? (заокружи одговор) | Колку си задоволен/на од тоа како го помина слободното време? | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Многу сум задоволен/на | Делумно сум задоволен/на | Воопшто не сум задоволен/на |
| | | | 1. ми беше доволно<br>2. не ми беше доволно | | 1. беа по мој избор<br>2. ми беа наметнати | 3 | 2 | 1 |
| | | | 1. ми беше доволно<br>2. не ми беше доволно | | 1. беа по мој избор<br>2. ми беа наметнати | 3 | 2 | 1 |
| | | | 1. ми беше доволно<br>2. не ми беше доволно | | 1. беа по мој избор<br>2. ми беа наметнати | 3 | 2 | 1 |
| | | | 1. ми беше доволно<br>2. не ми беше доволно | | 1. беа по мој избор<br>2. ми беа наметнати | 3 | 2 | 1 |
| | | | 1. ми беше доволно<br>2. не ми беше доволно | | 1. беа по мој избор<br>2. ми беа наметнати | 3 | 2 | 1 |
| | | | 1. ми беше доволно<br>2. не ми беше доволно | | 1. беа по мој избор<br>2. ми беа наметнати | 3 | 2 | 1 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1. ми беше доволно<br>2. не ми беше доволно | | 1. беа по мој избор<br>2. ми беа наметнати | 3 | 2 | 1 |
| | | | 1. ми беше доволно<br>2. не ми беше доволно | | 1. беа по мој избор<br>2. ми беа наметнати | 3 | 2 | 1 |
| | | | 1. ми беше доволно<br>2. не ми беше доволно | | 1. беа по мој избор<br>2. ми беа наметнати | 3 | 2 | 1 |
| | | | 1. ми беше доволно<br>2. не ми беше доволно | | 1. беа по мој избор<br>2. ми беа наметнати | 3 | 2 | 1 |